# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2022




МАКЕДОНСКА БЕРЗА
АД СКОПЈЕ

УЛ.ОРЦЕ НИКОЛОВ БР.75 СКОПЈЕ
WWW.MSE.MK
MSE@MSE.ORG.MK

## КОРПОРАТИВЕН ПРОФИЛ

Македонската берза АД Скопје е основана во 1995 година и работи како акционерско друштво во приватна сопственост.
Основните принципи врз кои се темели работењето на Берзата се почитувањето на законските и подзаконските акти од областа на хартиите од вредност, како и обезбедувањето фер, ефикасно и транспарентно функционирање на пазарот на хартии од вредност.

### ПРОФИЛ

Македонска берза АД Скопје

Датум на основање: 13.09.1995

Датум на почеток на тргување: 28.03.1996

Единствен матичен број: 5062608

Даночен број: MK4030995184290

### ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Претседател
Тони Стојановски

Неизвршни членови
Петар Трпески
Михајло Брова Зиков
Славчо Филипчев
Ивана Гажиќ

Независни членови
Горан Анастасовски
Иван Мишев

Извршен член
Иван Штериев, Главен извршен директор

### ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИ

Вкупно издадени хв: 2.792

Номинална вредност: 607,10 ЕУР

Вкупен број на акционери : 30

Домашни: 28
Странски: 2



## Содржина


1. ВОВЕД ... 3
2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ ... 3
3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ... 6
    3.1. Основни карактеристики ... 6
    Основни карактеристики на тргувањето во 2022 година беа: ... 6
    3.2. Класично тргување (БЕСТ систем) ... 7
    3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти ... 9
    3.4. Блок трансакци ... 10
    3.5. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет ... 10
    3.6. Индекси на Македонска берза ... 11
    3.7. Структура на прометот по членки ... 13
4. КОТАЦИЈА ... 15
4.1. ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА ... 15
4.3. ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД КОТАЦИЈА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ... 15
4.4. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ СОГЛАСНО ПРАВИЛАТА ЗА КОТАЦИЈА ... 16
4.5. ОБЈАВЕНИ ИЗВЕСТУВАЊА ПРЕКУ СЕИ-НЕТ ... 17
    Кодекс за корпоративно управување ... 18
5. ЧЛЕНСТВО ... 21
6. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ ... 23
7. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО ... 24
8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА ... 26
9. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ ... 30
    9.1. Годишно собрание на акционери ... 30
    9.2. Одбор на директори ... 30
    9.3. Сопственичко вложување на Берзата во Централниот Депозитар ... 30
    9.4. Изменување и дополнување на акти на Берзата и дување на нови интерни акти ... 31
    9.6. Водич за ESG Известување ... 33
    9.7. Промени во составот на Дисциплинската Комисија ... 34
    9.8. Внатрешна ревизија ... 34
    9.9. Измени во законската регулатива за оданочување на капиталните добивки ... 34
    9.10. Учество во работата на работните групи/проекти за изработка на новите законски решенија во областа на хартии од вредност ... 35
    9.11. Доставување одговори на поднесени барања и дописи ... 35
    9.12. Судски и нотарски постапки ... 35
    9.13. Известувања до Комисијата за хартии од вредност ... 35
10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ... 37
    10.1. Меморандуми и соработка ... 37
    10.2. Одржани предавања и презентации ... 37
    10.3. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата ... 38
11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ... 40
    11.2. Инвеститорски ден на Берзата ... 40
    11.3. Тркалезна маса на тема „Излегување на берза – Зошто никој не го крши мразот“ ... 41
    11.3. Годишни награди на Македонска берза за 2021 година ... 41
    11.4. Македонска берза втора година по ред се приклучува кон иницијативата “Ring the Bell for Gender Equality 2022” ... 43
    Родова анализа на органите на управување на котираните акционерски друштва на Македонска берза - ... 43
    11.7. Активности во врска со crowdfunding платформата Funderbem ... 44
    11.8. Промоција на продуктите на Берзата ... 44
    11.9. Соработка со медиуми ... 45
12. ОБЈАВИ НА АД ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА БЕРЗАТА СОГЛАСНО ЧЛЕН 166-Б ОД ЗХВ ... 45
13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 47
14. ДИСТРИБУЦИЈА НА БЕРЗАНСКИ ПОДАТОЦИ ... 48
15. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2022 ГОДИНА ... 51

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2022 година ги содржи главните фактори коишто влијаеа на работењето на Берзата во 2022 година (деловно окружување), основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, активностите во делот на информатичка и техничка поддршка на Берзата, правните и нормативни активности, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, податоци за надоместоците и примањата на членовите на Одборот на директори, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2022 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2022 година работењето на Македонска берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори од меѓународен и домашен карактер што го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза и имаа влијание врз тргувањето со хартии од вредност, а со тоа и врз нејзиното деловно работење:

- Светската економија во 2022 година опадна во однос на претходната година и забележа раст од 3,4%. Растот на каматните стапки на централните банки како резултат на борбата против инфлацијата и војната во Украина продолжија да влијаат на економската активност. Брзото ширење на СОВИД-19 во Кина го намали растот во 2022 година, но неодамнешното повторно отворање го отвори патот кон побрзо закрепнување од очекуваното. [1];

- Конфликтот во Украина, високите цени на енергенсите, високата инфлација и нарушувањата предизвикани од пандемијата со корона вирусот предизвикаа сериозни проблеми во работењето на многу компании и бизниси. Државите продолжија со масовна државна интервенција за олеснување на економската состојба кај економските субјекти. Сепак, 2022 година заврши со пазарни цени на акциите на пониски нивоа, особено на поголемите светски берзи, со главен акцент на американските пазари. Dow Jones на годишно ниво се намали за 8,8%, S&P500 за 19,4%, а NASDAQ Composite за 33,1%. Европските акции имаа поблаг пад – германскиот DAX ја заврши годината со пад од 12,4%, а англискиот FT100 со минимален раст од 0,9%.

- Во 2022 година македонската економија забележа раст на БДП од 2,7% .[2] ; а инфлацијата во 2022 година забележа вредност од 18,7% [3]

- Во текот на 2022 година Народната банка на РСМ, во повеќе наврати направи затегање на монетарна политика со зголемување на каматна стапка на благајничките записи се до 4,75% (2021: 1,25%). На крајот од декември 2022 година, годишната пондерирана каматна стапка на дадените кредити изнесуваше 4,4%, додека годишна пондерирана каматна стапка на новоодобрени дадени кредити изнесуваше 4,8%. Каматна стапка на вкупните депозити на крајот од декември 2022 година изнесуваше 0,7%, додека на новопримените заштеди изнесуваше 0,9%[4]. Во 2022 година приносот на најсигурните финансиски инструменти (едногодишни државни записи) се искачи на ниво 3,50% (2021: 0,5%), постигнати на последната аукција во декември 2022 година. Трендот на зголемување на каматните стапки во 2022 година имаше негативно влијание на берзанските движења и на новиот прилив на вложувањата во акции на Берзата;

- Вредноста на портфолиото на отворените домашни инвестициски фондови на крајот на 2022 година се намали за 3,6%, во однос на крајот на 2021 година, на износ од 179,7 милиони евра. Најголем дел од средствата доверени на управување на фондовите се насочени кон вложување во депозити и должнички хартии од вредност издадени од државата. 43,5% од вкупното портфолио на отворените домашни инвестициски фондови е вложено во Македонија, а 56,5% во други земји. Освен инвестициските фондови кои вложуваат во депозити и должнички инструменти, сите останати имаат негативни годишни стапки на принос (во ранг од -14,37% до -0,46%). Кај пензиските фондови, со оглед на инфлацијата, дојде до

[1] World Economic Outlook - Update, IMF, Јануари 2023

[2] "Макроекономски индикатори, Буџет на Р.С. Македонија за 2023 година,"

[3] НБРСМ - Најнови макроекономски показатели јануари 2023 година

[4] Соопштение за печат на НБРСМ од 31.01.2023 – "Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците: декември 2021 година"

намалување на реалните стапки на принос, додека износот на нето средствата кои се под управување порасна за 8,6% во однос на крајот од 2021 година и достигнаа вредност од 1,84 милијарди евра;

- Се задржа политиката на стабилен девизен курс;
- Како резултат на задолжителната котација на хартиите од вредност и во текот на 2022 на Берзата продолжи задоволителниот обем и квалитет на известувањата од страна на котираните друштва, а со тоа и на транспарентноста на македонскиот пазар на хартии од вредност во целина. Оттука, во 2022 година беа објавени вкупно 1996 објави преку СЕИ-Нет;
- Институционалната пазарна инфраструктура беше функционална и ефикасна без никакви забележани позначајни предизвици.

# ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ



## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2022 година беа:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2022 година изнесуваше 7.444.117.438 денари (околу 120,79 милиони евра) и бележи намалување од 42,08 % во споредба со 2021 година;
- Остварениот промет на класичното тргување во 2022 година изнесуваше 4.632.839.043 денари[5] (околу 75,16 милиони евра), што е за 31,23% помалку во споредба со 2021 година;
    - Прометот остварен со акции во 2022 година изнесуваше 4.151.305.343 денари (околу 67,35 милиони евра), што е за 23,06% намален во споредба со 2021 година;
    - Во 2022 година е остварен промет со обврзници од 459.640.520 денари (околу 7,46 милиони евра) и бележи намалување за 65,72% во споредба со 2021 година;
    - Во 2022 година е остварен промет со други хартии од вредност од 21.593.180 денари (350 илјади евра);

| Промет (Денари) | Јануари - Декември 2021 | Јануари - Декември 2022 | % промена |
|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **6.736.800.362** | **4.632.839.043** | **-31,23** |
| АКЦИИ | 5.395.274.034 | 4.151.305.343 | -23,06 |
| ОБВРЗНИЦИ | 1.341.526.328 | 459.940.520 | -65,72 |
| ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 0 | 21.593.180 | - |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 27.274.495 | 18.744.902 | -31,27 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 83 | 70 | -15,66 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **6.070.010.376** | **2.363.720.851** | **-61,06** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА** | **270.322** | **0** | **-** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ** | **37.551.544** | **374.532.000** | **890,25** |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ** | **8.868.000** | **73.025.544** | **723,47** |
| ВКУПНО | 12.853.500.604 | 7.444.117.438 | -42,08 |

- Во 2022 година на Берзата се реализирани 147 блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од 2.363.720.851 денари (околу 38,36 милиони евра) што е намалување од 61,06% во споредба со 2021 година;
- Во 2022 година не се реализирани трансакции преку продажби на акции по пат на јавни берзански аукции во сопственост на државата;
- Во 2022 година реализирани се 4 трансакции преку продажби на акции по пат на јавни берзански аукции на големи пакети во вкупна вредност од 374.532.000 денари (околу 6,09 милиони евра), што е за 890,25% повеќе во споредба со 2021 година;
- Во 2022 година на Берзата се реализирани 11 трансакции на сегментот на јавни понуди на хартии од вредност во вкупна вредност од 73.025.544 денари (околу 1,18 милиони евра) што е за 723,47% повеќе во споредба со 2021 година;

| БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | Јануари - Декември 2021 | Јануари - Декември 2022 | % промена |
|---|---|---|---|
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | 20.444 | 17.107 | -16,32 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 181 | 147 | -18,78 |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА | 3 | 0 | - |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ | 3 | 4 | -33,33 |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ | 16 | 11 | -31,25 |
| ВКУПНО | 20.647 | 17.274 | -16,34 |

[5] При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

- Во структурата на прометот доминираат реализираните трансакции на Официјалниот пазар со 61,69% учество во вкупниот промет на Берзата во 2022 година. Тргувањето со хартиите од вредност преку блок трансакции има учество од 31,75%, додека тргувањето со некотираните хартии од вредност во 2022 година беше незначително (околу 0,54%);

- На крајот на 2022 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на 94 друштва, од кои 25 друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација, 66 друштва на подсегментот Задолжителна котација и 3 друштва долгорочно суспендирани од котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 29.12.2022 година достигна 207,58 милијарди денари (околу 3,37 милијарди евра), што изнесува околу 24,95% од БДП и бележи намалување од 5,33% во споредба со 2021 година (поради зголемена инфлација), додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува 19,17 милијарди денари (311,63 милиони евра) и бележи пораст од околу 4,62% во споредба со 2021 година;

| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА (денари) | Јануари - Декември 2021 | Јануари - Декември 2022 | % промена |
|---|---|---|---|
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **223.887.377.263** | **214.275.753.577** | **-4,29** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 218.250.744.638 | 207.586.096.399 | -4,89 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 5.636.632.625 | 6.689.657.178 | 18,68 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **18.318.883.856** | **19.165.538.535** | **4,62** |
| **ПАЗАРНА КАП. НА ДРУГИ ХВ** | **312.666.183** | **307.471.500** | **-1,66** |
| ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА | 242.518.927.301 | 233.748.763.612 | -3,62 |

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 29.12.2022 година изнесуваше 5.652,33 што е за 8,14% пониска во однос на вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2021 година кога изнесуваше 6.153,48.

| | Јануари - Декември 2021 | Јануари - Декември 2022 | % промена |
|---|---|---|---|
| МБИ10 | 6.153,48 | 5.652,33 | -8,14 |
| ОМБ | 133,62 | 124,61 | -6,74 |
| БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА | 96 | 94 | -2,08 |
| БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ | 247 | 246 | -0,40 |

Воедно, презентираме и споредбен приказ на вкупниот берзански промет во последната деценија.

Споредбен приказ на остварениот **вкупен промет на Берзата** во изминатите десет години (во денари)




## 3.2. Класично тргување (БЕСТ систем)

Во текот на 2022 година на Берзата е остварен промет од “класичното” тргување во износ од 4.632.839.043 денари (околу 75,16 милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од “класичното” тргување на Берзата во 2022 година, во продолжение презентираме табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2022 година.

| Месец | Официјален пазар | | | Редовен пазар | | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансакции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Други ХВ | Акции | Обврз. | | | | |
| I | 558.646.677 | 139.273.013 | 0 | 301.110 | 0 | 698.220.800 | 11.317.650 | 1.867 | 18 |
| II | 568.625.780 | 19.477.783 | 0 | 1.257.494 | 0 | 589.361.057 | 9.552.791 | 2.204 | 20 |
| III | 356.772.863 | 4.356.117 | 0 | 1.344.625 | 0 | 362.473.605 | 5.875.242 | 1.449 | 23 |
| Q I | 1.484.045.320 | 163.106.913 | 0 | 2.903.229 | 0 | 1.650.055.462 | 26.745.683 | 5.520 | 61 |
| IV | 504.372.546 | 75.773.215 | 0 | 1.852.306 | 0 | 581.998.067 | 9.441.019 | 1.835 | 19 |
| V | 486.150.135 | 8.231.420 | 0 | 3.567.868 | 0 | 497.949.423 | 8.074.778 | 1.675 | 20 |
| VI | 240.109.614 | 94.944.802 | 0 | 4.460.434 | 0 | 339.514.850 | 5.503.110 | 1.287 | 21 |
| Q II | 1.230.632.295 | 178.949.437 | 0 | 9.880.608 | 0 | 1.419.462.340 | 23.018.907 | 4.797 | 60 |
| VII | 183.249.278 | 19.518.461 | 0 | 2.300.136 | 0 | 205.067.875 | 3.331.856 | 900 | 22 |
| VIII | 229.851.718 | 24.939.296 | 0 | 1.201.943 | 0 | 255.992.957 | 4.162.847 | 1.057 | 21 |
| IX | 303.404.878 | 11.932.726 | 0 | 10.627.882 | 0 | 325.965.486 | 5.300.695 | 1.574 | 21 |
| Q III | 716.505.874 | 56.390.483 | 0 | 14.129.961 | 0 | 787.026.318 | 12.795.398 | 3.531 | 64 |
| X | 211.653.963 | 14.407.124 | 21.593.180 | 2.721.420 | 0 | 250.375.687 | 4.067.634 | 1.060 | 19 |
| XI | 200.175.611 | 18.152.144 | 0 | 6.994.973 | 0 | 225.322.728 | 3.652.192 | 1.023 | 22 |
| XII | 267.965.524 | 28.934.419 | 0 | 3.696.565 | 0 | 300.596.508 | 4.877.513 | 1.181 | 20 |
| Q IV | 679.795.098 | 61.493.687 | 21.593.180 | 13.412.958 | 0 | 776.294.923 | 12.597.339 | 3.264 | 61 |
| ВКУПНО | **4.110.978.587** | **459.940.520** | **21.593.180** | **40.326.756** | **0** | **4.632.839.043** | **75.157.327** | **17.112** | **246** |

Движење на прометот по месеци во 2022 година (во денари)




Движењето на остварениот промет преку класичното тргување на Берзата во последната деценија е даден подолу:

Споредбен приказ на остварениот промет преку класичното тргување на Берзата во изминатите десет години (во денари)




## 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2022 година (4,59 милијарди денари) е остварен преку 16.570 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 99,13%. Од тоа, 4,11 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (89,51%) при што се склучени 15.944 трансакции, прометот со обврзници изнесува 460 милиони денари (10,02%) и истиот е остварен преку 621 трансакција, додека прометот со други хартии од вредност изнесува 21.59 милиони денари (0,47%) при што се склучени 5 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (40,33 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2022 година со 0,87% и 542 трансакции. Прометот остварен на Редовниот пазар на Берзата со акции на Слободниот пазар изнесува 39,47 милиони денари (97,88%) при што се склучени 513 трансакции, додека прометот остварен на со акции на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување изнесува 857 илјади денари (2,12%) при што се склучени 29 трансакции.

**Структура на прометот**




**Структура на остварени трансакции**



## 3.4. Блок трансакци

**Администраторски блок трансакции**

Во 2022 година на Берзата беа пријавени вкупно 40 администраторски блок трансакции во вкупна вредност од 728.995.017 денари (околу 11,83 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| Официјален пазар | Супер котација | 5.942.120 | 96.314 | 1 |
| | Берзанска котација | 495.095.796 | 8.037.544 | 24 |
| | Задолжителна котација | 24.653.427 | 399.598 | 2 |
| Редовен пазар | Слободен пазар | 149.161.582 | 2.421.112 | 11 |
| | Пазад на АДПОИ | 54.142.092 | 877.577 | 2 |
| Вкупно | | 728.995.017 | 11.832.145 | 40 |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 27 блок трансакции во вкупна вредност од 525,69 милиони денари (8,53 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа реализирани вкупно 13 блок трансакции во вкупна вредност од 203,30 милиони денари (3,30 милиони евра).

**Системски блок трансакции**

Во 2022 година на Берзата беа склучени вкупно 107 системски блок трансакции во вкупна вредност од 1.634.725.834 денари (околу 26,52 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| Официјален пазар | Супер котација | 673.272.236 | 10.917.962 | 36 |
| | Берзанска котација | 569.304.948 | 9.244.650 | 46 |
| | Задолжителна котација | 277.743.592 | 4.503.533 | 20 |
| Редовен пазар | Слободен пазар | 114.405.058 | 1.857.273 | 5 |
| Вкупно | | 1.634.725.834 | 26.523.418 | 107 |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 102 блок трансакции во вкупна вредност од 1,52 милијарди денари (24,66 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа склучени вкупно 5 блок трансакции во вкупна вредност од 114,41 милиони денари (1,86 милиони евра).

## 3.5. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека 429.390.548 денари (околу 6,96 милиони евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (5,79%), додека 202.190.234 денари (околу 3,28 милиони евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (2,72%).

Учество на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет на Берзата во 2022 година




## 3.6. Индекси на Македонска берза

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

Македонски Берзански Индекс – МБИ10




- вредност на МБИ10 на 29.12.2022 изнесува 5.652,33 индексни поени, што значи намалување од 8,14% во споредба со вредноста на индексот постигната на 30.12.2021 година (6.153,48 индексни поени).
- највисока вредност на МБИ10 во 2022 година е постигната на 09.02.2022 година (6.364,81 индексни поени).
- најниска вредност на индексот во 2022 година е постигната на 19.10.2022 година (5.427,96 индексни поени).

| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 15.06.2022 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Македонски Телеком АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.06.2022 година. |
| 16.12.2022 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, УНИ Банка АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.12.2022 година |

Процентуална промена на цените на елементите на МБИ10 во 2022 година




Вредност на МБИ10 од неговото воведување по години
(со состојба 31.12)







Индекс на обврзници – ОМБ

- вредност на ОМБ на 29.12.2022 изнесува 124,61 индексни поени, што значи намалување од 6,74% во споредба со вредноста на индексот постигната на 30.12.2021 година (133,62 индексни поени).
- највисока вредност на ОМБ во 2022 е постигната на 31.01.2022 година (133,70 индексни поени).,
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2022 е постигната на 26.12.2022 година (123,90 индексни поени).

| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 15.06.2022 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN13, RMDEN14, RMDEN15, RMDEN16, RMDEN17, RMDEN18, RMDEN19, RMDEN20 и RMDEN21 | Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.06.2022 година. |
| 16.12.2022 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN16, RMDEN17, RMDEN18, RMDEN19, RMDEN20 и RMDEN21 | Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.12.2022 година. |

## 3.7. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2022 година е реализиран преку активностите на 10 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2022 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции, каде е прикажана само куповната страна.

Учество на членките на Берзата во реализираниот промет

| Членка | Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Блокови | % Блокови | Јавни берзански аукции | % Јавни берзански аукции | Јавна понуда на ХВ | % Јавна понуда на ХВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Еурохаус АД Скопје | EH | 1.981.647.012 | 21,39 | 2.116.327.316 | 44,77 | 342.374.000 | 45,71 | 0 | 0,00 | 4.440.348.328 |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 1.868.262.499 | 20,16 | 831.467.824 | 17,59 | 374.532.000 | 50,00 | 5.000.000 | 3,42 | 3.079.262.323 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 2.152.030.946 | 23,23 | 567.140.618 | 12,00 | 15.248.000 | 2,04 | 0 | 0,00 | 2.734.419.564 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 680.956.972 | 7,35 | 351.275.464 | 7,43 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1.032.232.436 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 666.514.841 | 7,19 | 131.366.184 | 2,78 | 5.529.000 | 0,74 | 130.220.000 | 89,16 | 933.630.025 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | 566.644.398 | 6,12 | 105.426.750 | 2,23 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 672.071.148 |
| Шпаркасебанка АД Скопје | SP | 108.236.715 | 1,17 | 519.648.852 | 10,99 | 11.381.000 | 1,52 | 9.331.088 | 6,39 | 648.597.655 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 428.190.129 | 4,62 | 63.346.826 | 1,34 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 491.536.955 |
| Стопанска банка Скопје | SB | 437.316.191 | 4,72 | 25.731.868 | 0,54 | 0 | 0,00 | 1.500.000 | 1,03 | 464.548.059 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 375.878.383 | 4,06 | 15.710.000 | 0,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 391.588.383 |
| **Вкупно** | | **9.265.678.086** | **100,00** | **4.727.441.702** | **100,00** | **749.064.000** | **100,00** | **146.051.088** | **100,00** | **14.888.234.876** |




Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Еурохаус АД Скопје со учество од 29,82%. На второ и трето место се Комерцијална банка АД Скопје и Илирика Инвестментс АД Скопје со учество од 20,68% и 18,37%, соодветно во 2021 година.

# КОТАЦИЈА

## 4. КОТАЦИЈА

### 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2022 година на Официјалниот пазар на Македонската берза бројот на друштва чиишто хартии од вредност котираа изнесуваше 96, со пазарна капитализација од 218,25 милијарди денари, како и 188 обврзници со пазарна капитализација од 18,32 милијарди денари.

На крајот од 2022 бројот на друштва коишто имаат котирани хартии од вредност се намали на 95, со пазарната капитализација од 207,58 милијарди денари, што претставува пад од 4,89%. На крајот од 2022 година бројот на котирани обврзници се зголеми на 198 (194 државни обврзници и 4 корпоративни обврзници) со пазарна капитализација од 19,17 милијарди денари, што претставува зголемување од 4,62%. Треба да се напомене дека во пресметката на пазарната капитализација на обврзниците се земаат хартиите од вредност со кои имало тргување (со континуирани државни обврзници немаше тргување во 2022 година). Во текот на 2022 година на подсегментот Берзанска котација – други хартии од вредност котирани се две перпетуални обврзници кои на крајот од 2022 година имаа пазарна капитализација од 307,47 милион денари.

### 4.2. Котација на нови хартии од вредност

#### 4.2.1. Котација на структурни државни обврзници

Во текот на 2022 година по добиено барање и доставен проспект од страна на Министерството за финансии на РСМ беше котирана 1 државна обврзница, Дваесет и првата емисија на обврзниците за денационализација. Вкупниот номинален износ на емисијата е 6 милиони евра.

#### 4.2.2. Котација на континуирани државни обврзници



Согласно потпишаниот Договор помеѓу Министерството за финансии на РСМ и Македонска берза АД Скопје, во 2022 година на Официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, беа примени на котација 17 емисии на државни обврзници и 2 проширувања на претходно котирани емисии на обврзници во вкупен номинален износ од 9.465.470.000 денари.

#### 4.2.3 Котација на корпоративни обврзници

На седницата одржана на 27.05.2022 година, Одборот на директори на Македонска берза донесе Одлука за котација на корпоративни обврзници издадени од СН Осигурителен брокер АД Битола на Официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје, на подсегментот Берзанска котација. Вкупната номинална вредност на емисијата е 75.830.000,00 денари (7.583 обврзници со номинална вредност од 10.000 денари за една обврзница). На Официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје, на подсегментот Берзанска котација на крајот на 2022 година котираат 4 корпоративни обврзници со пазарна капитализација од 475,54 милиони денари.

#### 4.2.4 Котација на други хартии од вредност

На 12.10.2022 започна со котација втората емисија на перпетуална обврзница со тикер UNIPO2, издадена од УНИ Банка АД Скопје, на подсегментот Берзанска котација-Котација на други хартии од вредност. Номиналниот износ на кој е издаден инструментот изнесува 2,5 милиони евра. Покрај Одлуката за прием на котација на перпетуалните обврзници, Одборот на директори донесе и соодветна Одлука за утврдување на начинот на изразување на цените, минималната корекција на цената и големината на лотовите на перпетуалните обврзници (втора емисија) издадени од Универзална Инвестициона Банка АД Скопје при тргување на Македонска берза АД Скопје.

### 4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност

- Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 11.03.2022 година донесе одлука за исклучување од котација на акциите издадени од Сковин АД Скопје (поради стечај ) и Идевелоп АД Скопје (поради ликвидација на друштвото).
- Заради достасување на 01.06.2022 беше отстранета од тргување Единаесетта емисија на обврзници за денационализација (со шифра на тргување RMDEN11) издадена од Република Македонија.
- Заради достасување, беа отстранети 6 емисии на континуирани обврзници издадени од Република Северна Македонија во вкупна номинална вредност од 5.095.020.000 денари.

## 4.4. Преземени мерки согласно Правилата за котација

### Долгорочна суспензија од котација

За три друштва, АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје, Благој Туфанов АД Радовиш и Трудбеник АД Охрид на сила е мерката за долгорочна суспензија од котација согласно одлуки од страна Одборот на директори на Берзата од декември 2020 и април 2021 година, а донесени заради посериозни непостапувања за кои во долг временски период им се изрекувани низа на мерки согласно член 59 од Правилата за котација.

### Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментот Берзанска котација

Во текот на 2022 година Одборот на директори на Берзата изрече 7 мерки укажување од Главен извршен директор на 7 котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Во текот на 2022 година Одборот на директори на Берзата изрече 8 мерки укажување од Одбор на директори на 7 котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

### Преземени мерки кон друштва котирани на подсегментот Задолжителна котација

- Во текот на 2022 година беа изречени 8 мерки укажување од Главен извршен директор на 8 котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.
- Во текот на 2022 година Одборот на директори на Берзата изрече 38 мерки укажување од Одбор на директори на 33 котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.
- Во текот на 2022 година Одборот на директори на Берзата изрече 4 мерки опомена од Одбор на директори на 4 котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.
- Одборот на директори изрече 1 мерка јавна опомена преку интернет страната на Берзата на едно друштво Неметали Огражден АД Струмица.

### Привремен прекин со тргување на акции

Во текот на 2022 година немаше привремен прекин на тргувањето со акции по ниту една основа.

### Листа за набљудување

На Листата за набљудување се внесуваат издавачи кои котираат на Официјалниот пазар поради:

а) изречена мерка од страна на Берзата - во случаи на посериозно непостапување од страна на издавачот согласно барањата утврдени во Правилата за котација;

или

б) обрнување на внимание на инвеститорската јавност за определени актуелни состојби поврзани со конкретниот издавач - во случаи на поспецифични ситуации поврзани со хартиите од вредност или со работењето на издавачот.

Во Листата за набљудување на веб страната на Берзата во 2022 беа внесени 6 котирани друштва, согласно член 61-а од Правилата за котација заради информирање на инвеститорите дека треба да обрнат внимание на одредени специфични ситуации поврзани со нивните хартии од вредност или пак за издавачот. Во продолжение е Листата за набљудување на веб страната на Берзата со состојба на 31.12.2022 година.

| ИЗДАВАЧИ СО ПОСПЕЦИФИЧНИ СИТУАЦИИ И НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ИЛИ НИВНОТО РАБОТЕЊЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Датум на внесување* | Издавач | Шифра на ХВ | Основ за внесување | Причина за внесување |
| 11.11.2020 | ЖАС АД Скопје | ZAS | член 61-а од Правила за котација | • објава на издавачот дека нема деловна активност<br>• објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | Агромеханика АД Скопје | AMEH | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека нема деловна активност |
| 11.11.2020 | РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје | RZIT | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | Стокопромет АД Скопје | STOK | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 30.5.2022 | Герас Цунев Конфекција АД Струмица | GECK | член 61-а од Правила за котација | донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о. |
| 30.5.2022 | Герас Цунев Трговија АД Струмица | GECT | член 61-а од Правила за котација | донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о |
| 1.7.2022 | Тајмиште АД Кичево | TAJM | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 12.8.2022 | Неметали Огражден АД Струмица | NEME | член 61-а од Правила за котација | донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о |
| 31.8.2022 | Бетон АД Скопје | BESK | член 61-а од Правила за котација | •објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка<br>•(09.11.2022) претходна постапка за испитување на условите за отварање стечајна постапка |

Во текот на 2022 од Листата за набљудување на веб страната на Берзата беа отстранети 2 котирани друштва:

- На 11.03.2022 година Берзата изврши бришење на издавачот Сковин АД Скопје од „Листата за набљудување" поради тоа што друштвото беше декотирано.
- На 18.07.2022 година Берзата изврши бришење на издавачот Интерпромет АД Тетово од „Листата за набљудување" поради тоа што е завршена статусната промена согласно одлуката за поделба на друштвото. Интерпромет АД Тетово беше внесен на 11.03.2022 година на „Листата на набљудување" согласно 61-а од Правилата за котација, поради донесена одлука за поделба на друштвото, а до конечниот исход од постапката за спроведување на статусната промена – поделба на друштвото.

## 4.5. Објавени известувања преку СЕИ-Нет

| Објави на СЕИ-Нет во 2022 | Супер котација и Берзанска котација | Задолжителна котација | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Број на друштва кои имаат котирани хартии од вредност** | ***26*** | ***69*** | ***95*** |
| Други ценовно чувствителни информации | 293 | 422 | 715 |
| Информации поврзани со Собрание на акционери и одлуки на органите на управување | 191 | 510 | 701 |
| Објави поврзани со финансиски извештаи | 180 | 399 | 579 |
| ВКУПНО | 664 | 1331 | 1995 |

Во текот на 2022 година беше направена и 1 објава преку СЕИ-Нет од страна на друштво кое беше исклучено од котација во текот на годината со што бројот на вкупни објави преку СЕИ-Нет е 1996 објави.

## Кодекс за корпоративно управување

Примената на новиот Кодекс е задолжителна за сите котирани акционерски друштва што ќе исполнуваат одредени квантитативни критериуми кои се пропишани во Правилата за котација. За разлика од применувањето на законската и подзаконската регулатива, како и на Правилата за котација на Берзата, применувањето на Кодексот и понатаму се базира на принципот „примени или појасни зошто не си применил". Овој принцип има за цел да им овозможи на друштвата одредена флексибилност при имплементирање на практиките утврдени и пропишани во новиот Кодексот.

Согласно член 42-а и член 63-а од Правилата за котација, Берзата го објави на својата интернет страница, ажурираниот список на акционерски друштва со состојба на 31.12.2022, коишто имаат обврска за примена на Кодексот. Во продолжение е листата на друштва кои имаат обврска да го применуваат **Кодексот за корпоративно управување во 2023 година**.

1. Алкалоид АД Скопје
2. Гранит АД Скопје
3. Комерцијална Банка АД Скопје
4. Македонијатурист АД Скопје
5. Макпетрол АД Скопје
6. Макстил АД Скопје
7. НЛБ Банка АД Скопје
8. Стопанска банка АД Скопје
9. ТТК Банка АД Скопје
10. УНИ Банка АД Скопје
11. Стопанска банка АД Битола
12. ОКТА АД Скопје
13. ВВ Тиквеш АД Кавадарци
14. Витаминка АД Прилеп
15. ЗК Пелагонија АД Битола
16. Либерти АД Скопје
17. Македонски Телеком АД Скопје
18. Осигурување Македонија АД Скопје
19. Прилепска пиварница АД Прилеп
20. Раде Кончар – Апаратна техника АД Скопје
21. Реплек АД Скопје
22. Тетекс АД Тетово
23. Тутунски комбинат АД Прилеп
24. Фершпед АД Скопје
25. Хотели-Метропол АД Охрид
26. Цементарница УСЈЕ АД Скопје
27. Адинг АД Скопје
28. Централна кооперативна банка АД Скопје



## Активности поврзани со проекти со ЕБОР за инвестициски анализи

Во 2022 година продолжија активностите во рамките на соработката на Македонска берза со ЕБОР во врска со изготвување на инвестициски анализи за котираните компании од регионот на Југоисточна Европа, од страна на претходно селектираниот контрактор - WOOD & Company. Од избраните котирани компании на Македонска берза за учество во овој проект беа потпишани меморандуми за соработка со Комерцијална банка АД Скопје, Алкалоид АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје.

Во текот на 2022 година беа објавени 6 инвестициони анализи за котираните компании од Македонска Берза кои учествуваат во проектот. За котирано друштво Комерцијална банка АД Скопје се објави 1 анализа, за НЛБ банка АД Скопје се објавија 2 анализи и за Алкалоид АД Скопје 3 инвестициони анализи. Со оглед на значајниот раст на цените на акциите на компаниите во текот на 2021 препораките кои беа составен дел на овие анализи се трансформираа од "чувај" во"продај" за Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ банка АД Скопје, додека за Алкалоид АД Скопје препораката согласно последната инвестициона анализа е "чувај". Останува заклучокот дека овие инвестициони анализи со препораки имаа позитивен импакт на динамиката на тргувањето со овие акции на Берзата.

## Избор на акционерски друштва – кандидати за доделување на наградата Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2022 година

Во текот на 2022 година, беа спроведени активностите за избор на кандидати за доделување на наградата „Најтранспарентно котирано акционерско друштво" за најтранспарентни котирани друштва на Официјалниот пазар на Македонската берза за 2022 година.

При разгледувањето на транспарентноста и објавувањето на информации на котираните друштва преку СЕИ-Нет, Кандидационата комисија ја имаше предвид нивната транспарентност во текот на 2022 година, особено бројот на објавените известувања преку СЕИ-Нет и нивниот квалитет, квалитетот на објавениот годишен извештај за работењето на друштвото, квалитетот на интернет страницата на друштвото и др.

По спроведување на наведеното се продолжи со активностите во насока на гласање од страна на учесници во изборот: пазарни учесници и медимуите, по што беа избрани добитниците на наградата „Најтранспарентно котирано акционерско друштво “ за 2022 година во двете категории.

Во 2022 година  кандидационата комисија номинираше 10 кандидати за најтранспарентно котирано акционерско друштво, а од номинираните 10 кандидати се бираа две награди за најтранспарентно котирано акционерско друштво. Едната награда по избор на пазарните учесници и другата награда по избор на новинарите. Подетално околу овие награди се презентира подолу во овј Извештај.

# ЧЛЕНСТВО



## 5. ЧЛЕНСТВО

Во текот на 2022 година, тргувањето со хартии од вредност се вршеше преку 10 членки на Берзата (5 банки и 5 брокерски куќи), при што бројот на овластени брокери за тргување преку БЕСТ системот на почетокот на годината изнесуваше 31 брокер и со мали промени во нагорна и надолна линија во текот на годината, на крајот на годината изнесуваше 30 брокери.

Во текот на годината, Берзата остваруваше активна соработка со членките преку одржување на состаноци со цел нивно информирање за новини и измени поврзани со тргувањето со хартии од вредност, како и со цел разменување на идеи и предлози за подобрување на пазарните услови и функционарањето на пазарната инфраструктура. На барање на членките, Берзата организираше полагање на испити за познавање на БЕСТ системот за нововработените брокери и вршеше активирање/суспендирање на правата за користење на БЕСТ системот од страна на овластените брокери. Берзата континуирано обезбедуваше и help-desk поддршка на членките при користење на софтверскиот систем за брокерско работење.

Преглед на активни членки на 31.12.2022 година

<table>
<tr><th>Членка</th><th>Шифра на членка</th><th>Активности кои ги врши членката согласно член 94 и 99 од ЗХВ</th><th>Број овластени брокери</th></tr>
<tr><td>Комерцијална банка АД Скопје</td><td>KB</td><td rowspan="2">сите активности со хартии од вредност</td><td>6</td></tr>
<tr><td>ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје</td><td>MI</td><td>3</td></tr>
<tr><td>НЛБ Банка АД Скопје</td><td>TN</td><td rowspan="2">тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>преземање на акционерски друштва<br>старателство<br>тргување на странски пазари</td><td>3</td></tr>
<tr><td>Стопанска банка АД Скопје</td><td>SB</td><td>2</td></tr>
<tr><td>Шпаркасе банка АД Скопје</td><td>SP</td><td>тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>преземање на акционерски друштва<br>старателство<br>тргување на странски пазари<br>вршење дополнителни услуги за издавачите</td><td>2</td></tr>
<tr><td>Илирика Инвестментс АД Скопје</td><td>IL</td><td>тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>инвестициско советување<br>покровител за котација<br>тргување на странски пазари</td><td>5</td></tr>
<tr><td>ТТК Банка Скопје</td><td>TK</td><td>тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>преземање на акционерски друштва</td><td>3</td></tr>
<tr><td>Еурохаус АД Скопје</td><td>EH</td><td>тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>покровител за котација<br>тргување на странски пазари</td><td>2</td></tr>
<tr><td>Иново Брокер АД Скопје</td><td>IN</td><td rowspan="2">тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>покровител за котација</td><td>2</td></tr>
<tr><td>Фершпед Брокер АД Скопје</td><td>FR</td><td>2</td></tr>
</table>

# ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕ И НАДЗОР

## 6. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ

Во текот на годината редовно се спроведуваа и други активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- воспоставување и отстранување на ценовни ограничувања (статички лимити);
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки кои произлегуваат од Правилата за тргување;
- внес на нови хартии за тргување во БЕСТ системот по барање на членки на Берзата, на подсегментот Слободен пазар (беа внесени 28 нови хартии од вредност);
- Согласно податоците од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, беа блокирани акции издадени од 2 друштва.
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи за поддржувачи на ликвидност, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, достасување на обврзници, отворени стечајни постапки над друштва, ненавремено објавување на одлуки од собрание на акционери, преобразба на друштво од акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност и др.);
- времено прекинување на тргувањето поради вонредна осцилаторност на пазарот и нефункционалност на телекомуникациските врски;
- изготвување и објава на календар на денови на тргување;
- ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар од состојба „тргува“ во состојба „отстранета“;
- се воведе нова софтверска верзија на БЕСТ системот, со која се овозможи функционирањето на нови видови на налози (стоп налози и пазарни во лимитирани налози);
- се извршија промени во поглед на максималниот рок на важност на налозите, се укинаа налозите по најповолна цена, се направија измени и дополнувања во Анекс 2, 3 и 4 од Правилата за тргување на Берзата, како и неколку измени и дополнувања од техничка природа;
- беше извршена промена кај налозите со скриена количина во поглед на условот кој предвидуваше дека вредноста на скриената количина на налогот во секој момент треба да е најмалку еднаква со вредноста на видливата количина, се укина Заклучокот во врска со ставот на Одборот на директори на Берзата за внес на налози со антиципиран пораст или пад на цените и се донесе Заклучок со кој се уредува постапувањето на Берзата со стоп налозите во специфични ситуации.

## 7. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на целата 2022 година редовно беа изготвувани надзорни прегледи за структурата и динамиката на прометот на дневно, неделно и месечно ниво, со цел што подобро разбирање и оценка на пазарните движења и трендови. Исто така, Македонската берза АД Скопје вршеше редовна вонтеренска контрола на членките на Берзата од аспект на пазарните однесувања на одредена членка, брокер или инвеститорска сметка кои можат да претставуваат индикации за неправилност (значајно придвижување на цени на хартии од вредност, front running, специфични вкрстени трансакции, индиции за верижно тргување, повлекување од прекинувачки аукции и сл.).

Берзата изврши наменски вонтеренски контроли на членките од аспект на третман на налозите по најповолна цена и лимитираните налози со инструкции. Воедно, со контролата беше опфатена и наплатата на надоместокот за користење на Продуктот БЕСТ ДИРЕКТ, Ниво 2 кон Берзата и наплатата на сопствениот дополнителен надоместок што им го наплаќате на клиентите како крајни корисници на Продуктот БЕСТ ДИРЕКТ, Ниво 1 и Ниво 2.

Во првиот квартал од 2022 година беше изготвена Информација за структурата и концентрацијата на прометот по инвеститорски сметки на хартии од вредност во 2021 година и истата беше разгледана на Одборот на директори на Берзата. Со оваа Информација, Одборот на директори на Берзата беше информиран за структурата и концентрацијата по инвеститорски сметки на берзанскиот промет во 2021 година. Воедно, Информацијата беше испратена и до Комисијата за хартии од вредност.

Беше изработен збирен „Извештај од вонтеренските контроли на работењето на членките на Македонска берза АД Скопје“ и истиот беше разгледан и усвоен од страна на Одборот на директори на Берзата. Во извештајот беа опфатени информации за членките кај кои беше извршена контрола (сите 10 членки на Берзата), методот на контрола, контролираните области, информација за добиените коментари на записниците од страна на членките, информација за генералните констатации од спроведените контроли, утврдените наоди од контролите, како и за активностите кои Берзата ги презема, а се поврзани со спроведените контроли.

# ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА



## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

### 8.1 Активности поврзани со новата верзија на БЕСТ системот

Во текот на 2022 година се реализираа низа активности поврзани со надградба и одржување на системот за тргување на Берзата. Беа извршени тестирања на новата верзија на БЕСТ системот како и подготовки за миграција на новата верзија на БЕСТ во продукција. Во текот на тестирањето не беа воочени никакви проблеми како од аспект на новите типови на налози, така и од аспект на другите сегменти поврзани со секојдневното работење на БЕСТ системот.

Во текот на вториот квартал од 2022 година се реализираше планираната миграција на системот за тргување на нова верзија (БЕСТ 2.9). Оваа активност, согласно планот се реализираше во периодот 21 – 25.4.2022 година, а новата верзија беше активна на 26.04.2022 година. При вршење на оваа активност не беа воочени никакви проблеми, но самата постапка на миграција беше долготрајна и за истата беше потребно значително време, најмногу поради миграција на базите на податоци и поставување на репликација помеѓу различните податочни сервери.

Во текот на третиот квартал, а по воочените предизвици со поврзување на системските блокови во Broker Office, интензивно се работеше на изнаоѓање soodvetno решение. Исто така, во текот на третиот квартал се изврши уточнување на начинот на пресметката на просечната промена на цената кај хартиите од вредност кои се тргуваат во БЕСТ. Двете активности беа успешно реализирани и тестирани, при што новата верзија на БЕСТ системот беше пуштена во продукција на почетокот на четвртиот квартал од 2022 година.

### 8.2 Активности поврзани со Broker Office

Во текот на 2022 година во делот на активностите поврзани со одржувањето на апликацијата за позадинско брокерско работење покрај редовната поддршка на членките, се реализираа имплементации на неколку нови верзии на истата кои опфаќаа воведување на нови функционалности и разрешување на идентификувани проблеми. Беа реализирани следниве активности:

- корекции на неколку извештаи во самата апликација;
- беше реализирана имплементација на нова функционалност во апликацијата за сметководство (Интерконт) која опфаќа изработка на пресметки и извештаи поврзани со начинот на работа со посебна сметка;
- разрешување на bug кој се однесува на употреба на модулот mTrader во однос на типот на претплата на корисникот;
- промени во начинот на комуникација на модулите mTrader и eTrader.

### 8.3 Развој на нова верзија на СЕИНет

Во текот на 2022 година, согласно Програмата за работа за 2022 година, во соработка со надворешна компанија се работеше на изработка на новата верзија на системот СЕИНет која ќе се базира на најнова технологија за развој (Net 5.0, ReactJS). Новото решение содржи неколку модули и тоа:

**Backend модул** - Во овој модул се имплементираа сите позадински функционалности како што се: автентификација на корисници, менаџирање на: корисници и кориснички ролји, на канали за објава, на издавачи, на календари за објава, на урнеци на документи, на урнеци за обработка на финансиски извештаи, на документи доставени од страна на издавачите преку модулот за издавачи, импорт и експорт на финансиски извештаи, менаџирање на јазици и термини за локализација и на документи со одложена објава.



**Модул за администратори** – Во овој модул се имплементира корисничкиот интерфејс за администраторите на системот каде се опфатени сите дејства и надзорните активности на системот. Исто така, во овој модул се имплементирани и кориснички модули за подесување на сите системски модули. Модулот е имплементиран врз база на технологија ReactJS кој комуницира со Backend модулот преку сигурен канал за комуникација

имплементиран преку технологија на request token authentication and authorization.

**Модул за издавачи** – Во овој модул се имплементирани корисничките интерфејси за издавачите, а ги опфаќа функционалностите за креирање и ажурирање на документи за објава. Модулот е дизајниран како засебна web апликација базирана на ReactJS технологија кој комуницира со Backend модулот преку сигурен канал за комуникација имплементиран преку технологија на request token authentication and authorization

**Модул за јавна web страна** – Овој модул ја претставува јавната web страна за приказ на документи во зависност од подесениот канал за објава и иста може да биде инсталирана повеќекратно (за посебни канали на објава).

Развојот на ова апликативно решение е во завршна фаза и истото веќе се тестира од страна на вработените во Секторот за Деловни операции. По завршните тестирање и отстранување на евентуалните грешки истото ќе биде ставено во продукција.

## 8.4 Надградби на постојните системи

Согласно планираните активности во текот на првиот квартал од 2022 година се пристапи кон редовна надградба на локалните системи за виртуелизација кои се во продукција, а се користат од страна на Берзата и Депозитарот. Беше извршена надградба на BIOS верзиите на трите сервери на последна верзија и надградба на firmware на поединечните компоненти на овие сервери. Исто така, беше извршена надградба на последна верзија на продукцискиот систем за виртуелизација кој се користи во заедничкиот дата центар. Подготовките за овие активности се реализираа во текот на месеците Февруари и Март, нивното извршување се реализира во време која системите не се користат т.е. во текот два последователни викенди од месец Март. По завршување на оваа активност за забележа значително подобрување на перформансите на сите виртуелни машини хостирани на овој систем. Во рамките на овие активности беше извршена и надградба на системот за бекап на последна верзија со цел целосна поддршка на новата верзија од системот за виртуелизација.

## 8.5 Активности за набавка на нова инфраструктура за потребите на заедничкиот дата центар на Берзата и Депозитарот

Во текот на третиот квартал од 2022 година интензивно се работеше на подготовка на спецификација за планираната заедничка набавка со Централниот депозитар АД Скопје, а се однесува на поставување на нова инфраструктура за хостирање на сите клучни сервиси на двете институции. Во текот на оваа постапка беа разгледани повеќе опции за имплементација на новите уреди, како и начини за воспоставување на стабилна и доверлива околина која во целост ќе ги задоволи потребите на Берзата и Депозитарот. Во текот на месец септември беше изготвено барање за понуда во кое беа наведени спецификациите на сите потребни компоненти.

Во текот на последниот квартал од 2022, а по извршени детални и планирани подготовки, се реализираше планираната постапка за набавка на нова инфраструктура за хостирање на серверите на Берзата и Депозитарот во заедничкиот дата центар. Во постапката за набавка, барањето за понуди беше испратено до 12 компании застапници за различни брендови. Понуди за набавка беа доставени од следниве 5 компании.

По евалуацијата на понудите беше констатирано дека понудите на застапници за брендот Fujitsu технички не ги задоволуваат барањата специфицирани во барањето за понуда и истите беа отфрлени. Понудите на брендовите DELL и HPE беа во рамки на специфицираните барања при што edna понудата од брендот DELL ценовно беше многу повисока во споредба со останатите две понуди и како таква беше отфрлена.

Со понудувачите брендовите HPE и DELL се пристапи кон дополнителни разговори и беше побарано да се направат дополнителни корекции на цената со цел избор на најповолна понуда.

По добивањето на финалните понуди и направената евалуација беше избрана понудата на застапникот за брендот HPE како поповолна, а постигнатата цена беше пониска од планираните средства за оваа намена.

## 8.6 Други развојни активности

Во текот на вториот и третиот квартал од 2022 беа реализирани неколку активности кои се состојат во испитување на можности за употреба на нови функционалности на мејл серверот и негова поголема интеграција со Microsoft Outlook, а од аспект на централно менаџирање на контактите и календарите. За оваа цел се подготви тест сервер со инсталирана верзија на open source продуктот Mailcow, кој покрај значителната заштита на мејл серверот, има

одлична околина за менаџирање, во себе ги интегрира и горенаведените потреби. Во текот на овие активности се констатира дека истиот во целост ги задоволува потребите на Берзата, како од безедносен така и од функционален аспект. Планирано е миграцијата на новиот mail server да се реализира до крајот на првиот квартал од 2023 година.

## 8.7 Реализирани набавки во 2022 година

Во текот на првиот квартал од 2022 година се реализираше планираната набавка за нов firewall уред. Со оглед на глобалните проблеми со испорака на светско ниво, уредот беше испорачан во текот на месец Јуни и веднаш по неговото конфигурирање од страна на вработените во Секторот за информатичка и техничка поддршка беше ставен во употреба.

Во месец Јуни согласно Програмата за работа за 2022 година, се изврши набавка на два нови компјутери за вработените во Секторот за информатичка и техничка поддршка. Со цел намалување на трошоците беа набавени посебни компоненти, а асемблирањето на компјутерите беше извршено од страна на вработените во Секторот.

Исто така, во текот на вториот квартал од 2022 година согласно Програмата за работа за 2022 година се направи надградба на Microsoft Office од верзија PRO 2010 во најнова верзија Office 365. Воедно, за потребите на Секторот за деловни операции беше набавен нов лаптоп компјутер при што моменталниот лаптоп кој се употребуваше, а истиот е во уредна состојба, беше подготвен и предаден за употреба во Одделот за административно и финансиски прашања.

Во текот на четвртиот квартал од 2022 година а во рамки на редовна надградба на лиценци за употреба на сервиси за безбедност на централниот firewall во заедничкиот дата центар со Депозитарот во текот на месец декември беше реализирано обновување на истите. Обновените лиценци се со важност од една година. Трошоците за оваа набавка исто така преставуваат заедничка инвестиција со ЦДХВ и истите се поделени подеднакво помеѓу двете институции.

## 8.8 Активности поврзани со берзата од Тирана

Во текот на првиот квартал од 2022 од аспект на договорот за одржување на системот за тргување на берзата од Тирана (ALSE) се пристапи кон креирање на мониторинг функционалности за целосна контрола на овој систем која опфаќа поврзување на инфраструктурата на ALSE со мониторинг системот на Берзата преку site-to-site VPN и поставување на агенти за мониторинг на секој сервер на ALSE.
Во текот на месец Декември, од страна на берзата во Тирана, беше побарано договорот за одржување на нивниот систем за тргување да биде продолжен под истите услови како во 2022 година.

## 8.9. Продолжување на договор за одржување на Broker Office со Interfin

Во текот на месец Декември беше договорено продолжување на договорот за одржување на системот за позадинско брокерско работење Broker Office со компанијата Interfin од БиХ. Во текот на овие преговори од наша страна беше побарано Interfin во рамки на истатие цени да обезбеди пристап до изворниот код на пратечката апликација за сметководство Interkont која членките ја користат за водење евиденција на паричните средства на клиентите и клиентската сметка во НБРМ. Ова наше барање беше прифатено од страна на Interfin и се пристапи кон реализација на истото. Целосниот пристап до изворниот код ќе биде обезбеден во текот на првиот квартал од 2023 година.

## 8.10 Доекипирање на Секторот за информатичка и техничка поддршка

Во текот на последниот квартал од 2022 година се финализираа преговорите со потенцијален кандидат за позиција Senior програмер во Секторот за информатичка и техничка поддршка. Беше договорено истиот да започне со работа од 01.03.2023 година со што ќе се создадат услови за целосно преземање на одржувањето на системот за позадинско брокерско работење Broker Office во иднина, со што ќе се елиминираат трошоците за одржување, услуга која моментално ја пружа Interfins SoftLab од Бања Лука. Исто така, новиот вработен ќе биде ангажиран и во сите моментални и идни проекти кои се однесуваат на развој на нови софтверски продукти на Берзата.

## 8.11 Нови приходи од продажба на софтвер

По извршена анализа на пазарните потреби и можности за развој на апликативно решение за адвокатско работење, во текот на третиот квартал од 2022 година се пристапи кон дизајнирање на ваков систем. Паралелно, се потпиша и договор со едно адвокатско друштво со кој целосно ќе се финансира овој проект. При дизајнот на архитектурата на системот се води сметка за можноста за поддршка за повеќе фирми преку истата апликација со што ќе се креира можност иста апликација во иднина да се нуди по принципот SaaS (Software as a Service) и да носи нови приходи на Берзата. Оваа активност е во рамките на заложбите на Берзата за диверзификација на нејзините приход и пооптимално користење и финансирање на IT ресурси на Берзата.

# ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ



## 9. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Правните активности на Берзата во рамките на нејзиното работење во текот на 2022 година сумарно се одбиваа во следните области:

### 9.1. Годишно собрание на акционери

Седницата на Годишното Собрание на акционери на Берзата се одржа на 26.05.2022 година. Со оглед на фактот дека седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата се одржа во период кога сеуште важеа препораките од Владата на РСМ за начин на одржување настани со присуство на поголем број на лица поради опасноста од ширење на вирусот COVID-19, на акционерите им беше укажано на законската можност за кореспондентско гласање по точките од дневниот ред за седницата. Ваквата законска можност беше искористена од акционерите кои поседуваат повеќе од 15,51% од акциите со право на глас издадени од Берзата, додека на седницата присуствуваа лично или преку полномошник 63,72% од акциите со право на глас издадени од Берзата.

На седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата беа усвоени одлуки/разгледани материјали од следните области:

**оперативно работење**
- Одлука за усвоување на Извештајот за работа на Македонска берза АД Скопје во 2021 година
- Одлука за донесување на Програмата за работа на Берзата за 2022 година.

**финансии и ревизија**
- Одлука за усвојување на Годишна сметка
- Разгледување на Извештајот на независните ревизори за 2021 година
- Одлука за усвојување на ревидираните финансиските извештаи на Берзата за 2021 година
- Одлука за избор на ревизор на финансиските извештаи за 2022 и 2023 година;

**добивка**
- Одлука за распоредување на добивката за 2021 година
- Одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда

**внатрешна ревизија**
- Разгледување Годишниот извештај за внатрешна ревизија на Берзата за 2021 година

**одбор**
- Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2021, колективно и од аспект на поединечни членови
- Одлука за избор на член на Одборот на директори на Берзата

### 9.2. Одбор на директори

На седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата во 2022 година беше донесена Одлука за избор на неизвршен член на Одборот на директори на Берзата, со цел пополнување на испразнетото место во Одборот поради поднесена оставка од страна на еден од неизвршните членови на Одборот на директори. За неизвршен член на Одборот на директори беше избран г-динот Славчо Филипчев.

Во текот на 2022 година Одборот на директори одлучуваше на вкупно 9 седници, за чија работа беа подготвувани потребните материјали и беа изработувани донесените акти на Одборот. Во два наврати, согласно Деловникот за работа, Одборот на директори одлучуваше без одржување на седница.

### 9.3. Сопственичко вложување на Берзата во Централниот Депозитар

Во текот на 2022 година, започна реализацијата на стратешката цел на Берзата за остварување на синергии преку интеграциски процеси, преку сопственичко учество на Берзата во акционерската структура на Централниот депозитар АД Скопје. Во три трговски трансакции, од кои првата во рамки на јавна берзанска аукција и две администраторски блок трансакции, Берзата се стекна со вкупно 19,8% од акциите со право на глас издадени од Централниот депозитар АД Скопје, со што стана најголем поединечен акционер во Депозитарот. Стекнувањето на

акциите беше во рамки на претходно издаденото одобрение од Комисијата за хартии од вредност за стекнување на квалификувано учество на Берзата во акционерската структура на Депозитарот во висина од не повеќе од 20% од вкупниот број на издадени акции.

## 9.4. Изменување и дополнување на акти на Берзата и дување на нови интерни акти

Со цел подобрување на актите на Берзата, нивно прилагодување на нови состојби, усогласување со законските прописи, како и во насока на креирање на поповолен амбиент и воведување на повисоки стандарди на македонскиот пазар на хартии од вредност, во текот на 2022 година беа направени измени и дополнувања на следните акти на Берзата:

### Правила за тргување

- Измените и дополнувањата на Правилата за тргување се однесуваат на следното:
- Воведување на нова верзија на БЕСТ системот која содржи нови видови на налози за тргување („пазарен во лимитиран налог“ и „стоп налог“).
- Промена на максималниот рок на важност на налозите за тргување (од 90 дена на 30 дена)
- Укинување на налогот по најповолна цена
- Измени и дополнувања на Анекс 3 на Правилата (во поглед на постапката при продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда - допрецизирање на определувањето на моделот за продажба, начинот на определување на продажната цена, како и прецизирање на постапката при јавна понуда при нова емисија и при продажба на сопствени акции за која не е потребна претходна согласност од КХВ
- Измени и дополнувања на Анекс 2 и Анекс 4 од Правилата, во насока на предвидување на посебни услови за стекнување на акции од страна на купувачите во јавна берзанска аукција на акции во сопственост на државата и јавна берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети.
- Поради направените измени и дополнувања на Правилата за тргување, беше потребно да се интервенира и во неколку одлуки и заклучоци што произлегуваат од истите преку укинување или измени на истите од страна на Одборот на директори на Берзата.



## Упатство

## за примање на налози за тргување по електронски пат

- Донесено е како постапување по допис доставен од Комисијата за хартии од вредност, а со цел нормирање на воспоставената пракса за давање налози преку апликацијата e-Trader
- Упатството за примање на налози за тргување по електронски пат преку посебен компјутерско информациски систем со софтверска апликација која ја обезбедува Македонска берза АД Скопје утврдува правила за тоа кои лица и со кои овластувања можат да имаат пристап до e-Trader, обврски и одговорности на членките кога за своите клиенти ја нудат можноста за електронски прием на налози, како и се мерки за непочитување на истото.
- Во втората половина од годината се направија измени во Упатството со цел прецизирање на одредени одредби во врска со пристапот до e-Trader апликацијата во случај на водење на портфолио со хартии од вредност, како и прецизирање на одредбите од Упатството кои се однесуваат на договорот на Берзата за користење на софтверски систем за брокерско работење со членката и одговорноста на членката за нормалното и непречено функционирање на e-Trader апликацијата.



## Процедури

## за начинот и постапката на внесување на издавач на Листата за набљудување

- Измените и дополнувањата на овие Процедури се направени со цел поефикасно спроведување на член 61-а од Правилата за котација и побрзо обрнување на внимание на инвеститорската јавност за определени околности кај издавачот преку внесување на издавачот на Листата на набљудување
- Со Измените и дополнувањата се предвиде дека внесувањето на издавачите во Листата на набљудување во конкретни таксативно наброени ситуации предвидени во Процедурите, наместо со донесување на заклучок од страна на Одборот на директори на Берзата, се прави со донесување на заклучок од страна на Главниот извршен директор. Со ваквите измени се премости временската дистанца која би се појавила од моментот на настанување на околностите поради кои некој издавач би требало да биде внесен на Листата на набљудување до одржување на седница на Одборот на директори на која би се одлучувало за истото.
- Во случаите случаите  кога е потребно да се изврши проценка на влијанието на одредени околности на редовното работење на издавачот, на фер и редовното тргување со неговите хартии од вредност како и други околности, Одборот на директори и понатаму ќе одлучува за  внесувањето, односно за симнувањето на друштвата од Листата.
- Со измените на Процедурите, се прецизираше и начинот на симнување на издавачот од Листата, односно во случаите кога ќе истече рокот во кој издавачот бил внесен на Листата или кога ќе престанат да постојат околностите поради кои издавачот бил внесен на Листата, симнувањето од Листата се прави по автоматизам.



## Правила за членство - работна верзија

- Работната верзија на новите Правила за членство беше разгледана од Одборот на директори на Берзата кон крајот на годината
- Донесување на овој акт се наметна поради потребата од модернизирање на важечките Правила кои се донесени пред повеќе години и усогласување на Правилата со законските и подзаконските акти кои во меѓувреме се донесени или изменети.
- Главните новини и измени кои се предлагаат во работната верзија на новите Правила се однесуваат на усогласувањето со законските и подзаконските акти, воведувањето на едукација за брокерите, реорганизација на некои од постоечките одредби со мининални модификации на условите и потребната документација за прием во членство и правата и обврските на членките, како и на соодветната имплемантација на одредби од областа на заштита на лични податоци.
- Конечното донесување на новите Правила за членство од страна на Одборот на директори ќе се направи откако за истите свои коментари и забелешки ќе дадат и членките на Берзата преку Комисијата за работење со хартии од вредност при Македонската банкарска асоцијација, поради фактот што овие правила најдиректно се однесуваат на  членките  од аспект на нивната организациона, кадровска и техничка поставеност и од аспект на нивните права и обврски кон Берзата,по што ќе следува процедура за добивање на согласнот од КХВ.



## 9.5. Промена на сопственичката структура на Берзата

Во текот на 2022 година дојде до промена на сопственичката структура на Берзата, при што преку неколку берзански трансакции Загребска берза АД Загреб, во рамки на одобрението од Комисијата за хартии од вредност за стекнување на не повеќе од 30% од акциите издадени  од Македонска берза се стекна со вкупно  837 акции, односно 29,97% од обичните акции издадени од Македонска Берза АД Скопје, со што стана најголем поединечен акционер во сопственичката структура на Берзата.

## 9.6. Водич за ESG Известување

Во месец Јануари 2022 година, Македонска берза го објави својот прв „Водич за известување за прашања поврзани со животната средина, општествени прашања и управување“ за котираните компании„ или „Водич за ESG известување“ (ESG - Environmental, Social and Governance).

Водичот за ESG известување претставува практична алатка за обелоденувања поврзани со ESG проблематиката во согласност со новиот Кодекс за корпоративно управување и најновите меѓународни ESG стандарди.







Водичот е изработен со техничка помош од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), заедно со консултатните од Холандија, Stewart Redqueen во рамки на Проектот за Известување за заштитата на животната средина, општествената одговорност и управувањето.

Воедно, во текот на месец Февруари беше одржан вебинар со котираните друштва, на кој претставници на консултантската куќа Stewart Redqueen од Холандија извршија презентација на изготвениот Водич за ESG известување, а свои обраќања имаа и претставниците на ЕБРД и Берзата.

Водичот воспоставува унифицирана, конзистентна и транспарентна рамка за ESG известување хармонизирана со европските стандарди од оваа област и има за цел да промовира подобри корпоративни практики за информирање на инвеститорите преку подобрување на известувањето за животната средина, општествената одговорност и управувањето.

## 9.7. Промени во составот на Дисциплинската Комисија

Во 2022 година, беше извршена промена во составот на Дисциплинската комисија на Берзата. Имено, поради престанок на работниот однос во членка на Берзата, еден од постојните членови на оваа Комисија си даде оставка, во врска со што Комисијата за работење со хартии од вредност, при Македонската Банкарска Асоцијација достави предлог за именување на нов член. Новиот член беше избран од Одборот на директори на седницата на 30.06.2022 година.

## 9.8. Внатрешна ревизија

Исполнувањето на законската обврска за вршење на внатрешна ревизија и оваа година Берзата ја остваруваше преку надворешен соработник за внатрешна ревизија, кој во предвидените рокови изготви Годишен извештај за внатрешна ревизија за 2021 година и Годишен план за ревизија за 2022 година и ги спроведе планираните ревизии за годината. Препораките дадени од надворешниот соработник за извршување во извештаите за извршените ревизии беа усвоени од страна на неизвршните членови на Одборот на директори и беа соодветно спроведени во работењето на Берзата.

## 9.9. Измени во законската регулатива за оданочување на капиталните добивки

Во 2022 година, а поради престанувањето на важење на даночните ослободувања на капиталните добивки на крајот на годината, како и поради најавената реформа во даночниот систем презентирана од страна на Министерството за финансии, во која не беше предвидено продолжување на даночните ослободувања поврзани со капиталните добивки, Одборот на директори на Берзата расправаше по ова прашање и заклучи Берзата да поднесе Иницијатива за продолжување на даночните ослободувања на капиталните добивки до Министерството за финансии. Притоа, Одборот на директори имаше во предвид дека станува збор за исклучително важно прашање за пазарот коешто има директни импликации на тргувањето со хартии од вредност од страна на физичките лица, а индиректно и на пазарот за хартии од вредност во целина, како и тоа дека воведувањето на овие даночни оптеретувања се прави во исклучително неповолен пазарен и економски момент.

Иницијативата од Берзата беше поднесена до Министерството за финансии на 22.08.2022 година и истата беше доставена и до Комисијата за хартии од вредност.

Од страна на Министерството за финансии беше формирана работна група во која беа вклучени и претставници на Берзата, со цел донесување на измени и дополнувања на Законот за данок на личен доход кои би ги опфатиле и покренатите прашања во Иницијативата во врска со оданочувањето на капиталните добивки.

Во последниот квартал од годината, беа донесени измени и дополнувања на Законот за данок на личен доход. Согласно измените и дополнувањата, во доменот на капитални добивки од хартии од вредност, даночните ослободувања не беа продолжени, но беа воведени се неколку даночни решенија, а коишто се во насока на следното:

- воведување на обврската за плаќање на данок на личен доход по стапка од 10% од страна на даночниот обврзник на капиталните добивки остварени од сите стекнувања на хартии од вредност по 01.01.2023 година;
- целосно даночно ослободување за капиталните добивки од хартии од вредност коишто имателот ги остварил по истекот на две години од стекнувањето, како и за капиталните добивки од иницијални јавни понуди и државни хартии од вредност.

- воведување на обврска за плаќање на данокот од страна на даночниот обврзник на годишно ниво за капиталните добивки пребиени со капиталните загуби на годишна основа врз основа на пресметка добиена од УЈП, изработена согласно податоците добиени од ЦДХВ АД Скопје.

Со овие решенија што ги предложија Берзата и Комисијата за хартии од вредност, се придонесе за делумно намалување на идните неповолни ефекти од воведувањето на оданочувањето на капиталните добивки од тргување со хартии од вредност.

## 9.10. Учество во работата на работните групи/проекти за изработка на новите законски решенија во обласа на хартии од вредност

Во текот на 2022 година, работните групи за изработка на Законот за финансиски инструменти и Законот за проспекти и обврски за транспарентност, не одржаа формални состаноци. Претставниците на Берзата продолжија да ги следат новините во однос на имплементирачките мерки на ЕУ во овие области и интерно работеа на добиените работни верзии на овие Закони.

Во 2022 година, претставниците на Берзата учествуваа и во работата на работната група во проширен состав за правото на трговски друштва, формирана од Министерството за економија, како дел од ИПА проектот: Зајакнување на внатрешниот пазар/Компонента 3 поврзана со активностите за усогласување на националното законодавство во надлежност на Поглавјето 3.06. Право на трговските друштва, со најновото законодавство на Европската Унија. Имено, во рамки на оваа работна група, во месец јуни 2022 година беше организирана работилница на која присуствуваа претставниците на Берзата и на која од страна на експертите во овој проект беше презентирана извршената анализа на националното законодавство со законодавството на ЕУ, а кон крајот на година од Министерството за економија беше испратена и првата работна верзија на нов Закон за трговските друштва со цел добивање коментари од членовите на работната група.

## 9.11. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања од надлежните органи и институции, како и од физички лица, во главно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 9.12. Судски и нотарски постапки

Врз основа на објави во Службен весник на Република Северна Македонија за отворени стечајни постапки, во текот на 2022 година, Берзата поднесе пријава за своите побарувања кон еден од должниците за кој е отворена стечајна постапка, а по основ на надомест за котација.

Со цел присилна наплата на побарувањата што Берзата ги има спрема одредени должници по основ на долг за годишниот надомест за котација, беа поднесени два предлози за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа за двајца должници.

## 9.13. Известувања до Комисијата за хартии од вредност

Во текот на 2022 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност на РСМ, како и други акти, извештаи и известувања согласно Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари.

# ЕДУКАТИВНИ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 10.1. Меморандуми и соработка

#### Потпишан Меморандум за соработка со Економски факултет Скопје

Преку оваа соработка, посебен акцент ќе се стави на организирани посети на Берзата и презентации за потребите на оваа високообразовна институција, заедничка промоција и организација на обуки во Тренинг центарот на Берзата, можност за вклучување и организирање на посебна лига за тргување преку Виртуелна берза за потреби на студентите, пристап до статистички податоци од тргувањето за потребите на изготвување на научно истражувачки трудови или посебни проектни задачи, како и разгледување на можноста за организирање на практиканска работа.



#### PWC Академија

Во текот на 2022 година се обнови соработката со PWC Академија, којашто, поради пандемијата, беше ставена во мирување. Беа договорени темите и областите, како и временскиот распоред на обуките до крајот на годината.

#### Соработка со Делегација на германското стопанство во Северна Македонија

На барање на Делегација на германското стопанство во Северна Македонија, Берзата оствари комуникација со цел организација на работилница пред нивното членство за презентација на пазарните начини на финансирање, односно објаснување на придобивките кои ги носи котацијата на берза и пазарот воопшто.

### 10.2. Одржани предавања и презентации

#### Предавања

Со цел подигнање на нивото на финансиска едукација и запознавање со улогата на Берзата во рамките на финансискиот систем во државата, Берзата во текот на 2022 година одржа предавања на повеќе од 300 ученици и студенти, кои имаа можност да се запознаат подетално со активностите и развојот на Берзата и развојот на пазарот на хартии од вредност и тоа:



- студенти од Универзитет Американ Колеџ – Скопје
- средношколци од СЕПУГС „Арсени Јовков“Скопје
- студенти од Факултетот за бизнис и економија на Универзитетот на Југоисточна Европа
- студенти од International Balkan University
- студенти од Економскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
- учениците од ДМБУЦ Илија Николовски-Луј Скопје
- студенти од Економскиот Факултет при Универзитетот во Тетово
- Во рамките на „Глобалната недела на претприемништво„ која се одржа од 14-ти до 20-ти Ноември на глобално ниво, одржана е презентација на тема „Како до нов капитал од поширок круг на инвеститори“

## Обуки и работилници



На 30.03.2022 година, пред околу 100 учесници, се одржа промотивен вебинар на тема Техничка анализа на акции.



На 11.05.2022 година се одржа работилница за Кодексот за корпоративно управување и најдобри практики.



На 12.05.2022 година се одржа работилница за Водичот за известување за ESG и практични мерила за ESG известување.



На 16.11.2022 година се одржа обуката - Ефикасно користење на Техничка анализа во вашето секојдневно работење.



На 01.12.2022 година се одржа обуката - Принципи на пазарите на капитал.

## 10.3. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата

Во текот на 2022 година претставници на Берзата зедоа учество на повеќе обуки и настани:

Онлајн обука за сајбер-безбедност во организација на Агенцијата за електронски комуникации

Четврта национална вежба за координација и комуникација при одговор на инциденти за компјутерска безбедност, во организација на Агенцијата за електронски комуникации.

Трет состанок на тематската група „Пристап до финансии" во рамки на ,,Националната платформата за женско претприемништво" на кој се дискутираше за алтернативни извори на финансирање (краудфандинг, бизнис ангели, финансиски лизинг, факторинг, франшизинг, ризичен капитал и др.)



Учество на панел дискусијата Capital Market Reforms на покана на Albanian Financial Supervisory Authority, во Тирана.

Учество на панел дискусја на тема алтернативни форми на капитално финансирање во организација на Економски факултет Скопје.

Присуство на Вториот и Третиот состанок на Работната група за следење на спроведувањето на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија (составена од претставници на регулаторните институции, здруженијата на приватниот сектор и граѓанскиот сектор).

Учество на панелот: „Мерливоста на вредностите: економски визури" во рамките на дебата: "В/редности и вредности" во организација на Народна банка на Република Северна Македонија.



Претставник на Берзата присуствуваше на конференција “Private Sector Engagement“. Конференцијата беше во организација на Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем.

Претставник на Берзата учествуваше на настанот “Civil Society and Private Sector Cooperation: Regional Practices within the Global Trends and Threats” во организација на Институтот за европски политки – Скопје.

## 10.4. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонска берза

Во текот на 2022 година, преку инфраструктурата на апликацијата на едукативната игра Виртуелна берза, беа активни учесниците на 3-те посебни лиги, како дел од образовниот процес и тоа:



- Посебна лига за СЕПУГС „Арсени Јовков“, а во рамките на втората фаза од проектот Училишна берза (активна до 31.05.2022 година);
- Посебна лига за Универзитет Американ Колеџ – Скопје (активна до 31.12.2022 година);
- Посебна лига за СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ Скопје (активна до 30.06.2022 година).

| Лиги: | Број на учесници |
|---|---|
| Глобална лига | 301 |
| Американ колеџ Скопје | 8 |
| СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ | 57 |
| СЕПУГС „Арсени Јовков“ - Скопје | 13 |
| **Вкупно регистрирани корисници** | **379** |

## 10.5. Одбележување на Глобалната недела на парите

На 21 март 2022 година, започна одбележувањето на Глобалната недела на парите. Традиционално, како и во изминатите години, се одржуваат бројни активности од сферата на финансиите со цел зголемување на финансиската писменост на децата и младите.



Целта на Глобалната недела на пари е да ги поттикне младите да инвестираат во својата иднина, истакнувајќи ја важноста на раната финансиска едукација, со што ќе им помогне да станат свесни за своите финансиски права,
ќе им ја олесни пристапноста до финансиските услуги и ќе ги развие нивните финансиски вештини.

Македонската берза и оваа година се приклучи кон оваа иницијатива, преку креирање на серија информативни видеа во рамките на проектот Берзанска азбука, при што во текот на 2022 година беа продуцирани вкупно **17 видеа.**

## 11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1. Годишна конферецнија на Македонска берза




На 23-ти септември во Охрид во организација на Македонската берза АД Скопје, после двегодишна пауза, се одржа 21-та Годишна конференција на Берзата. Оваа година на овој настан присуствуваа преку 220 претставници од финансискиот сектор и индустријата на хартии од вредност, котираните компании и другите друштва, државните институции и универзитетите и сите останатите субјекти чија дејност е поврзана со работењето или инвестирањето во хартии од вредност. Конференцијата со воведни обраќања ја отворија Министерот за финансии, г-дин Фатмир Бесими, Претседателката на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, г-ѓа Нора Алити и Главниот извршен директор на Македонска берза АД Скопје г-дин Иван Штериев.

### 11.2. Инвеститорски ден на Берзата

Трета година по ред на Македонската берза успешно се одржа „Инвеститорски ден“ на којшто сите домашни физички лица имаа можност да тргуваат со акции на сите пазарни сегменти без да ги платат провизиите кон Берзата, Централниот депозитар на хартии од вредност и овластените пазарни учесници (банки и брокерски куќи), во износ на остварен промет до 10.000 евра.




Иницијативата „Инвеститорскиот ден“ за прв пат оваа година ја прифатија и во неа активно се вклучија сите десет членки на Берзата (Еурохаус, Илирика Инвестментс, Иново Брокер, Инвестброкер, Комерцијална банка, НЛБ Банка, Стопанска банка Скопје, ТТК Банка, Фершпед брокер и Шпаркасе Банка Скопје) и Централниот депозитар за хартии од вредност, а доби поддршка и од Комисијата за хартии од вредност.

## 11.3. Тркалезна маса на тема „Излегување на берза – Зошто никој не го крши мразот“




На 23.11.2022 година во организација на Македонска берза се одржа тркалезна маса на тема „**Излегување на берза – Зошто никој не го крши мразот**“. На настанот, којшто се одржа во кино Cineplexx, се изврши и презентација на резултатите од спроведената анкета за потенцијалот на македонскиот пазар на хартии од вредност (видувања на компаниите за трансформација во АД, IPO и берзанската котација), која за потребите на Берзата, ја спроведе агенцијата Стратум РиД.

На тркалезната маса за познавањето, интересот, заблудите и очекувањата на компаниите поврзани со акционерството, нови емисии на хартии од вредност и берзанската котација дискутираа Душан Пецовски, Генерален директор на „Реплек“ АД Скопје, Горан Антевски, Генерален менаџер на „Раде Кончар-ТЕП“ ДООЕЛ Скопје, Нина Ангеловска, Директорка за меѓународен развој во „Ananas E-commerce“ и Горан Ѓорѓиевски, Основач и управител на „Специјал – Продукт“ ДООЕЛ Скопје, а модертор беше Главниот извршен директор на Македоснка берза, Иван Штериев.

## 11.4. Анкета за потенцијалот за користење на услугите кои ги пружа Македонска берза за компаниите

Во текот на 2022 година беше спроведена и беа доставени резултатите од Истражувачката студија за потенцијалот на пазарот на хартии од вредност на Република Северна Македонија во однос на транформацја на компаниите во АД како и користење на услугите на Македонска берза во делот на берзанска котација. Целта на оваа анкета беше да се добие информација за степенот на информираност на компаниите за пазарот на хартии од вредност, знаење на компаниите за финансиските инструменти и алатките како и нивната намера за користење на истите како начин за обезбедување на финансирање на растот.




За студијата за македонскиот пазар се користеше примерок од околу **100** испитаници, кои беа одбрани врз основа на претходно утврдени критериуми, а врз основа на информации обезбедени од релавентни извори и регистри. За спроведување на анкетата беше ангажирана надворешната компанија СТРАТУМ РиД ДООЕЛ Скопје, односно Институтот за истражување и развој, водена од страна на консултант од обласа на Иновациски менаџмент и специјализирана за истражувања на потенцијали на пазарот и тестирање на нови идеи кои генерираат развој. Резултатите од анкетата, беа презентирани и објавени во јавноста и на интернет страната на Берзата.

## 11.3. Годишни награди на Македонска берза за 2021 година

На 21.12.2022 година се одржа церемонија на доделување на Годишни награди на Македонска берза за 2022 година за котираните компании, членките на Берзата и други субјекти поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност. По примерот на некои поразвиени берзи, од минатата година Македонска берза воведе целосно нов концепт и започна со доделување на овие годишни награди во повеќе категории, при што дел од наградените добитници се одредуваат врз основа на квантитативни податоци, како што се берзанскиот промет, цени и број на трансакции. За овие награди пресекот, согласно усвоената Методологија за доделување на наградите од страна на Одборот на директори на Берзата, се прави вториот петок во декември. За останатиот дел од наградите одлучуваат специјални комисии



составени од пазарните учесници, експерти и претставници на медиумите, а за наградата „Акција на годината“ пошироката инвестициска јавност преку анкета на сајтот на Берзата и Интернет порталот Фактор. Добитници на Годишните награди на Македонска берза за 2022 година се:

**Категорија „Акција со најголем промет во 2022 година“**

| | |
|---|---|
| Акционерски друштва над 50 милиони пазарна капитализација | Комерцијална банка АД Скопје |
| Акционерски друштва под 50 милиони пазарна капитализација | ТТК Банка АД Скопје |

**Категорија „Акција со најголем пораст на цената во 2022 година“**

| | |
|---|---|
| Акционерски друштва над 50 милиони пазарна капитализација | Македонски Телеком АД Скопје |
| Акционерски друштва под 50 милиони пазарна капитализација | Макстил АД Скопје |

**Категорија „Акција со најголем пораст на прометот во 2022 година“**

| | |
|---|---|
| Акционерски друштва над 50 милиони пазарна капитализација | Алкалоид АД Скопје |
| Акционерски друштва под 50 милиони пазарна капитализација | Макстил АД Скопје |

**Категоријата „Членка на годината за 2022 година“**

| | |
|---|---|
| Најголем промет и трансакции од редовно тргување со акции | Илирика Инвестментс АД Скопје |
| Најголем промет и трансакции со обврзници | Еурохаус АД Скопје |

**Категорија „Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2022 година“**

| | |
|---|---|
| по избор на пазарни учесници<br>по избор на новинари | Алкалоид АД Скопје |

**Категоријата „Акција на годината за 2022 година по избор на јавноста“**

| | |
|---|---|
| Наградата „Акцијата на годината по избор на јавноста“ се доделува на котирано акционерско друштво, избрано со гласање преку онлајн анкета на веб страниците на Берзата и интернет порталот „Фактор“. | Алкалоид АД Скопје |

**Категорија „Годишна награда за придонес во областа на едукацијата и развојот на пазарот на хартии од вредност“**

| | |
|---|---|
| Со издавање на нови финансиски инструменти на пазарот даде успешен пример, по што и други издавачи од финансискиот сектор издадоа должнички хартии од вредност, со што се збогати понудата на нашиот пазар и се покажа дека пазарното финансирање е реална, а не само теоретска опција | УНИ Банка АД Скопје |

За промоција на настанот беше изработено соодветно промотиво видео и истото беше споделено преку официјалниот профил на Берзата на социјалните мрежи.

## 11.4. Македонска берза втора година по ред се приклучува кон иницијативата “Ring the Bell for Gender Equality 2022”

По повод Меѓународниот ден на жената, Македонска берза втора година по ред, заедно со 118 други берзи ширум светот, зема учество во рамките на глобалната Иницијатива на Светската федерација на берзи „Да засвониме за родова рамноправност “(“Ring the Bell for Gender Equality”).  Темата на Иницијативата за 2022 година е „Родова еднаквост денес за одржливо утре“. Ѕвоното на Македонска берза го засвонија Kate Marie Byrnes, Амбасадорка на Соединетите Американски Држави во Македонија, Нора Алити, Претседателка на Комисијата за хартии од вредност и Иван Штериев, Главен извршен директор на Македонска берза.



Иницијативата Ring the Bell for Gender Equality, почнувајќи од 2015 година се одбележува во многу земји, со цел подигнување на свеста за клучната улога на приватниот сектор во унапредување на родовата еднаквост, како глобална цел за одржлив развој.

.

Родова анализа на органите на управување на котираните акционерски друштва на Македонска берза

Во функција на зајакнување на општествената свест за поттикнување на поголема родова рамноправност, Берзата изработи кратка анализа за состојбите на овој план во органите на управување кај македонските котирани друштва.

## 11.5. Глобална иницијатива „Да засвониме за финансиска писменост“

Македонска берза втора година по ред се приклучува кон глобалната иницијатива „Да засвониме за финансиска писменост“ (Ring the Bell for Financial Literacy) на Светската федерација на берзи (World Federation of Exchanges - WFE), како поддршка на глобалната кампања „Светска недела на инвеститорот“ (World Investor Week - WIW) во организација на Меѓународната организација на комисиите за хартии од вредност (International Organization of Securities Commissions - IOSCO).





По овој повод, деканот на Економскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Предраг Трпески, во просториите на Македонска берза симболично го засвони берзанското ѕвоно.

Воедно, во рамките на иницијативата „Да засвониме за финансиска писменост“ и одбележувањето на „Светската недела на инвеститорот“, Главниот извршен директор на Македонска берза, одржа предавање пред студентите на

Економскиот факултет. На студентите им беше презентиран македонскиот пазар на хартии од вредност и улогата на сите пазарни институции и учесници.

## 11.7. Активности во врска со crowdfunding платформата Funderbem




Како резултат на интензивната промоција на crowdfunding платформата Funderbem од страна на Берзата,во изминтиот период македонската стартап компанијата KIIMO стана првата македонска компанија која успеа да прибере финансиски средства преку платформата Funderbeam.

Прибирањето на средства на македонската компанија преку оваа платформа се одвиваше преку приватна кампања, односно кампања наменета за однапред познати инвеститори или инвеститори кои можат да индицираат интерес на покана на водечкиот инвеститор или сопственикот на компанијата.

Во текот на извештајниот период, преставници на Берзата преку состаноци и/или онлајн комуникација ги презенираа можностите за користење на оваа платформа од страна на компаниите и инвеститорите. Во рамките на овие активности, македонската компанија SMIDGIN, компанија за производство на првиот македонски џин, изрази интерес за почеток на постапка за прибирање средства преку Funderbeam.

## 11.8. Промоција на продуктите на Берзата

Со цел континуирано присуство во јавноста, подобро запознавање за тоа што се случува на Берзата, во текот на 2022 година беа објавени:


Годишен и месечни статистички билтени


прегледи со квартални финансиските податоци на котираните


Беше објавена публикацијата „Факти за котираните компании“


Берзата го промовираше видеото од годишната конферецнија



Берзата го промовираше видеото по повод годишните награди

## 11.9. Соработка со медиуми



### Интервјуа и гостувања на Главниот извршен директор

- Портал „Пари"
- Меѓународен подкаст IPOVID, во рамките на платформата Exchange Invest
- Хрватскиот медиум Poslovni dnevnik
- Рубрика „Практики на иднината" под покровителство на AmCham North Macedonia за порталот Фактор
- Утрински брифинг во врска со работењето на Берзата во тековната година
- Магазин Капитал
- Студио на Bloomberg Adria во Македонија
- Емисија Market connect на Bloomberg Adria
- Федерацијата на Евроазиски берзи (FEAS), во рамки на нивниот серијал „FEAS Talks



### Соработка

- За потребите на редакциите на Bloomberg Adria во Македонија (дигиталната и телевизиската) преставници на Берзата беа вклучувани во програмата со цел коментар на одредени актуелни состојби или презентација на активности на Берзата.

- На барање на преставници од хрватскиот медиум Poslovni dnevnik, се одржа виртуелен состанок со преставници на Берзата, на која беа презентирани плановите на овој медиум за нивно регионално делување и можноста за соработка со Берзата.

- Преставник на Берзата присуствуваше во утринската емисија на телевизија Телма

## 12. ОБЈАВИ НА АД ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА БЕРЗАТА СОГЛАСНО ЧЛЕН 166-Б ОД ЗХВ

Акционерските друштва и другите правни лица - издавачи на хартии од вредност, чии хартии од вредност не котираат на берза и не се водат во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување имаат обврска за известување на јавноста согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност. Во 2022 година преку интернет страната на Берзата беа администрирани и објавени вкупно 481 објава од акцинерскитте друштва на Слободен пазар.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународните активности на Берзата во 2022 година беа фокусирани на:

СЕЕ Линк

- На почетокот од годината беше **формирана работна група**, составена од преставници на берзите основачи на СЕЕ Линк, со цел анализа на можностите за подобрување и проширување на опсегот на информации кои се дистрибуираат преку оваа Платформа, односно разгледување на потенцијалот оваа платформа да стане централно место преку која ќе се промовираат инвестициските можности на регионалите пазари, преку која ќе се изготвуваат и дистрибуираат инвестициски анализи на компании и организираат низа соодветни активности во овој домен
.
- Во текот на месец април беше **спроведена анкета** на регионалите пазарни претставници, со цел анализа на можностите за подобрување и проширување на опсегот на информации кои се дистрибуираат преку оваа Платформа. Резулататите од анкетата покажаа дека има потреба од едно централно место преку кое ќе се промовираат инвестициските можности на регионалите пазари, ќе се изготвуваат и дистрибуираат инвестициски анализи на компании и организираат низа соодветни активности од овој домен.
- На 25ти ноември 2022 година **се одржа тркалезна маса** за Регионалната соработка на СЕЕ Линк пазарите на која говорници беа Ивана Гажиќ од Загребачка берза, Ману Моравенов од берзата од Бугарија и Иван Штериев од Македонска берза. Настанот беше исклучителна можност сите заинтересирани и активни чинители на пазарот да дадат свој придонес во развојот на регионалната платформа и за начините како таа може да се збогати. Blommberg Adria беше медиумски покровител на настанот. Исто така, директорите на берзите основачи на СЕЕ Линк имаа интервју за Blommberg Adria и Poslovni.hr.

Учество на меѓународни и регионални настани

Во рамките на континуираните активности за промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност на разни регионални и меѓународни настани од областа на пазарот на капитал, претставници на Македонската берза и/или котираните компании на Берзата зедоа учество на следниве настани:

| | |
|---|---|
| Мај 2022 | На Годишната конференција и Бизнис форумот на ЕБРД којшто се одржа во Мароко, беше инициран нов проект со ЕБРД за имплементација на програмската определба на Берзата и договорено присуство за креирање на среднорочна стратегија на друштвото Македонска берза АД Скопје, односно како за работењето на самата Берза, така и за нејзината нова улога како најголем акционер во ЦДХВ. |
| октомври 2022 | Претставник на Берзата присуствуваше на настанот Пристап до финансии: Перспективи од Fintech (Learning event) во организација на регионалниот проект на USAID Catalyze Western Balkans - Engines of Growth Project. На настанот беше презентирано досегашното искуство на Берзата во врска со промоцијата на crowdfunding платформата Funderbeam. |
| октомври 2022 | Преставници на Берзата во октомври 2022 година присуствуваа на Годишната конференција на Загребската берза |
| октомври 2022 | Остварено учество во стопанската делегација во Грузија на кое со тамошните институции на пазарот на капитал се водени разговори за евентуална продажба на софтверски апликации на Берзата, односно на СЕЕ Линк |
| ноември 2022 | На покана на Бугарската берза, во ноември остврено е учество на панел дискусија во рамките на Investor Finance Forum 2022, што се одржа во Софија, Бугарија. Панелот беше на тема ESG Measuring and reporting и улогата на берзите. |
| Октомври/ноември 2022 | Започнати се разговори со Intercapital од Хрватска и Expat Asset Management од Бугарија за можностите за тргување на Македонска берза со ETF's врзани за одредени берзански индекси издадени нивна страна |

Средби

Во текот на месец април и јуни беа остварени средби со претставници на Светска банка, на кои беше дискутирано за алтернативните можности за финансирање на компаниите преку Берза и преку crowdfunding платформата Funderbeam.

Остварена е средба со Советник за економски прашања во амбасадата на САД во Македонија, при што е разговарано за можностите за продолжување на билатералната соработка.

Македонска берза - полноправна членка на Федерацијата на Евроазиски берзи (FEAS)




На седницата на Одборот на Федерацијата на Евроазиски берзи, одржана на 28.10.2022 година, одобрен е приемот на Македонска берза АД Скопје како полноправна членка на Федерацијата. Полноправното членство на Македонска берза во FEAS овозможува целосно користење на сите придобивки и услуги што ги обезбедува оваа Федерација, како што се деловна и промотивна поддршка, размена на знаења и искуства, пристап до истражувања и публикации, можност за учество на настани во нејзина организација и слично. Од 2016 година Македонска берза во FEAS беше со статус Observer.
Преку стекнатото полноправно членство Македонска берза ја поддржува визијата и мисијата на Федерацијата да придонесува за соработка, развој, поддршка и промоција на пазарите на капитал во Евроазискиот регион (Европа, Азија и областа на Медитеранот).

## 14. ДИСТРИБУЦИЈА НА БЕРЗАНСКИ ПОДАТОЦИ

Во извештајниот период Берзата ја продолжи континуираната комуникација со овластените дата вендори (Refinitiv, Bloomberg, Vienna Stock Exchange), а воедно одговораше на одредени барања и прашања од страна на вендорите.

## 15. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

Податоците во врска со вработувањата и членувањето на членови на Одборот на директори на Берзата во органи на управување на трговски друштва се прикажани во следнава табела:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на трговски друштва |
|---|---|---|
| Тони Стојановски | Стопанска банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Стопанска банка АД Скопје, член на Управен Одбор<br><br>Македонска Берза АД Скопје-неизвршен член на Одбор на директори |
| Михајло Брова Зиков | Комерцијална банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Петар Трпески | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |

| | | |
|---|---|---|
| Ивана Гажиќ | Загребска берза АД Загреб, Хрватска<br>Дејност: Управување на финансиски пазар | Загребска берза АД Загреб, Хрватска, Претседател на Управен одбор |
| Славчо Филипчев | Грант Торнтон Консалтинг ДОО Скопје<br>Дејност: консултански, даночни и сметководствени услуги | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Иван Мишев | Адвокатско друштво Папазовски Мишев | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Горан Анастасовски | КИБС АД Скопје<br>Дејност: Платни системи | КИБС АД Скопје – Претседател на Управен одбор<br><br>Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Иван Штериев | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност: Управување со финансиски пазари | Македонска берза АД Скопје -Главен Извршен директор<br>Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |

Остварените надоместоци од членувањето во органите на управување на другите трговски друштва од табелата погоре, како и надоместоците по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот за г-динот Тони Стојановски, г-ѓа Ивана Гажиќ и г-дин Горан Анастасовски се соодветно прикажани во Годишниот извештај на Стопанска банка АД Скопје, во ревидираните финансиски извештаи на Загрепска берза АД Загреб, Хрватска, односно во Белешките на ревизорските финансикси извештаи на КИБС АД Скопје кои се јавно достапни.

Годишните нето примања за 2022 година на другите неизвршни членови на Одборот на директори на Берзата по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец се следните редоследно според табелата погоре: 2.003.125 денари, 2.690.660 денари, 826.000 денари и 1.442.078 денари.

Податоците за надоместоците и примањата на неизвршните членовите на Одборот на директори се базираат на податоците што секој член на Одборот на директори лично ги достави до Берзата.

Согласно Одлуката бр.02-697/1 од 30.05.2018 година, Берзата исплатува месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на неизвршните членови во нето износ од 15.000 денари, по член. Освен месечниот надомест, за неизвршните членови на Одборот на директори за 2022 година беше пресметан и годишен надомест согласно претходно донесена одлука од Собранието на акционери. Износот на надоместоците на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во 2022 година е прикажан во глава 15 од овој Извештај.

Податоците за остварените примања на Главниот извршен директор од Берзата за 2022 година се прикажани во глава 16 од овој Извештај, а остварениот нето надоместок од извршувањето на функцијата неизвршен член во Одборот на директори во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (во кој г-нот Штериев членува почнувајќи од месец јуни 2023 година) изнесува 105.000 денари.

# ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ



## 16. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2022 ГОДИНА

Во 2022 година Македонската берза АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **55.095.268 денари** и истите се помали за 16,7% во споредба со приходите остварени во 2021 година што се должи на падот на приходите од надомест од тргување што е објаснето подолу во Извештајот.

**Приходите остварени од камата** изнесуваат **1.393.191 денари** и бележат намалување од 14,2% во однос на остварените во 2021 година, поради фактот што банкарските депозити што достасаа кон средината на 2021 година, беа преорочени со пониски каматни стапки согласно преовладувачките пазарни услови и во текот на 2022 година. Со состојба на 31.12.2022 година износот на пласираните парични средства на Берзата изнесува 98,35 милиони денари, при што покрај во орочени банкарски депозити, дел од средствата се пласирани во долгорочни државни хартии од вредност и во два отворени парични инвестициски фондови. Берзата има денарски депозити орочени на 12, 24 и 36 месеци во следните банки: Комерцијална банка АД Скопје (10 милиони денари), Стопанска банка АД Скопје (10 милиони денари), УНИ Банка АД Скопје (10 милиони денари), Халкбанк АД Скопје (10 милиони денари), Шпаркасе банка Македонија АД Скопје (10 милиони денари), со каматни стапки што се движат од 0,86% до 1,4%. Берзата поседува долгорочни државни хартии од вредност во номинална вредност од 31 милиони денари (15 годишна државна обврзница со годишна каматна стапка од 3,2% и 7 годишна државна обврзница со годишна каматна стапка од 1,625%). Воедно, Берзата има вложено 11,85 милиони денари во паричниот фонд КБ Публикум Инвест (поседува 112.929,8083 удели) и 5,5 милиони денари во паричниот фонд на Генерали Инвестментс АД Скопје Генерали Кеш депозит (поседува 48.672,9796 удели). Како резултат на усогласување на објективната вредноста на уделите со состојба 31.12.2022 година остварени се приходи во износ од 437.512 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 1.830.703 денари, наспроти ланските 2.022.513 денари. Финансиските приходи во вкупните приходи учествуваат со 3,3%.

**Приходите по основ на провизии и надоместоци** изнесуваат **44.599.403 денари** и се за 24% пониски во однос на остварените во 2021 година, како резултат на помалку остварени приходи од тргување во 2022 во споредба со лани. Подолу, подетално се презентирани сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на **надоместоци за членство** во вкупен износ од **2.584.089 денари** и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за испит за брокери, надоместоци за користење на Берза-Нет и надоместоци за користење на станици за набљудување. Приходите од членство учествуваат со 4,7% во вкупните приходи.

- Од **надомест за тргување** во 2022 година се приходувани **29.089.232 денари** што претставува 52,8% од вкупните приходи во 2022 година. Надоместокот за тргување остварен во 2022 година е за 32,5% помал во споредба со лани. Имено, приходот од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи намалување од 43,5% (од 16.776.190 денари во 2021 година на 9.477.588 денари во 2022 година). Кај приходот по основ на надомест за тргување со акции по основ на склучени трансакции во БЕСТ системот е забележано намалување од 21,2% (од 21.213.959 денари во 2021 година на 16.713.766 денари во 2022 година), приходот од тргувањето со обврзници е намален за 68,1% (од 4.775.984 денари во 2021 година на 1.521.732 денари во 2022 година) што се должи на котацијата и тргувањето со обврзниците за денационализација од деветнаесетата и дваесетата емисија (РМДЕН19 и РМДЕН20) што беа котирани во февруари и август 2021 година, додека во 2022 година беше котирана само една обврзница за денационализација (РМДЕН21) и тоа со помала емисија во однос на претходните две. Приходот од тргувањето по пат на јавни берзански аукции бележи повеќекратно зголемување (во 2021 изнесува 248.655 денари, а во 2022 година 1.255.926 денари). Оставарен е и приход од реализација на јавни понуди на хартии од вредност во висина од 106.830 денари, наспроти ланските 62.000 денари.

- Остварени се приходи по основ на **надомест за котација** во износ од **8.290.374 денари** или 15% од вкупните приходи и на годишно ниво бележат намалување од 1,4%. Годишен надомест за котација е фактуриран на вкупно 91 акционерско друштво што во текот на 2022 година имаа котирани хартии од вредност на Официјалниот пазар на подсегментите Супер котација, Берзанска котација и Задолжителна котација, со фактуриран приход од 6.825.000 денари. Во 2022 година е остварен надомест од 1,2 милиони денари за котација на државните хартии од вредност, согласно важечкиот Договор за котација на државните обврзници помеѓу Берзата и Министерството за финансии, приходи од 240.000 денари од котацијата на шест корпоративни должнички хартии од вредност, како и надомест од 25.374 денари за еднократен надоместок за котација на останати долгорочни хартии од вредност.

- Во 2022 година се остварени **приходи од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза согласно закон** во висина од **4.635.708 денари**, наспроти ланските 4.570.150 денари и истите учествуваат

со 8,4% во вкупните приходи. Од диструбуција на податоци се приходувани 3.569.708 денари, а 1.066.000 денари од објави на веб согласно закон. Овие приходи се поголеми во однос на лани за 1,4%.

- Во 2022 година Берзата оствари **останати приходи од дејност** во износ од **6.278.162 денари**, што претставува 11,4% од вкупните приходи, и истите се за 23% повисоки во однос на остварените во 2021 година. Зголемувањето кај оваа категорија на приходи се должи на приходите што Берзата ги оствари од реализацијата на Годишната конференција, којашто по пауза од две години повторно се одржа во септември, при што од спонзорства и котизации за учество беа остварени приходи од 1.377.704 денари. Реализацијата на овој настан имаше голем импакт и на расходната страна, што ќе биде подетално опишано подолу во овој Извештај. Од надомест за превентивно одржување на софтверскиот систем за брокерско работење Берзата оваа година оствари приходи од 1.971.880 денари, наспроти ланските 2.033.986 денари, а оваа година Берзата оствари и приходи за превентивно и инвестициско одржување на системот за тргување на берзата во Тирана, согласно склучен договор со оваа берза во декември 2021 година, врз основа на кој Македонска берза почнувајќи од јануари оваа година приходува 1.000 евра месечен надомест (приходувани се 739.536 денари во 2022 година). Од закуп на деловен простор се остварени 1.196.563 денари, а од закуп на медиумски простор 251.718 денари. Остварени се приходи од сомнителни и спорни побарувања во висина од 549.599 денари, наспроти ланските 92.955 денари, приходи од обуки во организација на Тренинг центарот на Берзата во висина од 127.928 денари, како и други приходи во износ од 72.234 денари.

- Остварени се **приходи по основ на дивиденда во банки и други финансиски институции** во висина од 2.378.000 денари како резултат на исплата на дивиденда од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност, во кој Берзата, непосредно пред исплатата на дивидендата, стекна сопственичко учество.

Во 2022 година се остварени **вкупни расходи** во висина од **42.389.627 денари** и се за 2,5% повисоки во однос на минатогодишните 41.352.948 денари. Зголемувањето на вкупните расходи е примарно резултат на трошоците што оваа година беа направени за амортизација (поради претходно набавена опрема), порастот на одредени трошоци поради високата инфлација, зголемени трошоци за промоција (одржани годишна берзанска конференција и церемонија на доделување на годишни награди) и трансакциони трошоци за купување на акции.

Во 2022 година за **провизии и надоместоци** направени се расходи во износ од **8.355.368 денари**, наспроти ланските 10.660.587 денари, и истите учествуваат со 19,7% во вкупните расходи. За надзор на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност Берзата плати надомест во висина од 8.027.893 денари, (во 2021 година овој надомест беше 10.571.711 денари). Ова намалување е резултат на помалку остварените приходи од тргување оваа година во споредба со лани. Расходот на име провизии од банки и други финансиски институции во 2022 година изнесува 327.475 денари и е неколкукратно поголем во однос на минатата година кога овој расход беше 88.876 денари, поради трошоците што Берзата ги плати за реализираните трансакции за купување на акции од Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Трошоци за вработени** во 2022 година изнесуваат **18.311.852 денари** и се состојат од бруто плати, останати користи, јубилејни награди и награди за вработените. Истите изнесуваат 43,2% од вкупните расходи и се повисоки во однос на минатогодишните за 8,7%. Износот на бруто платата на извршниот член на Одборот на директори и исплатената годишната награда изнесуваат 4.632.199 денари.

**Амортизацијата** на средствата е пресметана во износ од **3.516.957 денари**, што претставува 8,3% од вкупните расходи и е за 14.9% повисока во однос на минатогодишната пресметана амортизација од **3.060.638 денари**, како резултат на набавка и ставање во употреба на основни средства во втората половина од минатата година. Оваа ставка се однесува на амортизација на деловниот простор, нематеријални средства и опремата. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Во 2022 година за **исправка на вредност и отпис на побарувања** се прокнижени трошоци во висина од **460.484 денари,** од кои 413.541 денари се направени за исправка на вредност на побарувања, а 46.943 денари се за отпис на побарување од друштво за коешто е спроведена ликвидација во 2022 година.

**Останатите расходи од дејност** изнесуваат **11.616.381 денари** и во вкупните расходи учествуваат со 27,4%. Во однос на останатите расходи од дејност остварени минатата година бележат пораст од 19,6% што е објаснето подолу, а се однесуваат на следните ставки:

- **Материјалните и слични трошоци** изнесуваат 1.491.306 денари или 3,5% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично) и се за 25,6% повисоки во однос на истите во 2021 година. Ова зголемување се должи, пред се', на општото зголемување на цените оваа година поради повисоката стапка на инфлација. Исто така, во првото полугодие од минатата година поради состојбите предизвикани од пандемијата со вирусот COVID-19, режимот на работа беше хибриден, односно повеќето од вработените работеа од дома, што беше причина за намалени материјални и друг вид на трошоци во тој период.

- **Трошоците за услуги** изнесуваат 5.372.702 денари, бележат учество од 12,7% во вкупните расходи и истите се за 8% повисоки во споредба со остварените трошоци минатата година, што се должи на трошоците направени за реализација на Годишната берзанска конференција во висина од 531.742 денари. Најголемо учество во рамките на трошоците за услуги во износ од 1.323.683 денари имаат трошоците за услуги за тековно и инвестиционо одржување на средствата за работа, потоа за телефонски и комуникациски услуги и интернет трошоци во износ од 530.300 денари, за консултантски услуги 806.398 денари, за ревизија на финансиските извештаи и ангажирање на фирма за изготвување на проценка 358.704 денари. Во 2022 година Берзата користеше сметководствени, правни, услуги за спроведено истражување, како и други услуги од надворешни субјекти и за истото беа пресметани 1.121.707 денари трошок. Во категоријата трошоци за услуги спаѓаат и трошоци за услуги од институции, поштарина, за обезбедување, паркинг услуги и слично.

- За месечен **надомест за неизвршните членови** на Одборот на директори како и по основ на годишен надомест, согласно важечки одлуки на Собрание на акционери, е пресметан и исплатен вкупен износ од 2.032.867 денари. Истите изнесуваат 4,8% од вкупните расходи.

- За **службени патувања** во текот на годината се направени трошоци во износ од 255.933 денари, што е околу планираното ниво.

- **Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда** изнесуваат 1.765.300 денари наспроти ланските 715.681 денари. Ова зголемување е пред се поради трошоците направени за реализација на Годишната берзанска конференција во висина од 532.394 денари и за настанот за доделување на Годишни награди што Берзата ги додели на котирани компании, членки на Берзата и други субјекти поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност и трошокот за организирање на една тркалезна маса (во вкупна висина од 424.390 денари).

- **Трошоци за осигурување** се направени во висина од 585.874 денари и имаат 1,4% учество во вкупните трошоци. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени, менаџерско осигурување и трошоци за доброволна пензиска шема за одреден број клучни вработени, што согласно одлука на Одборот на директори започна кон крајот на 2020 година.

- По основ на **Други трошоци**, направени се трошоци во износ од 112.399 денари и истите учествуваат со 0,3% во вкупните расходи. Во рамките на Други трошоци спаѓаат данок на имот, членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

- Во 2022 година е остварен **удел во загубата остварена во заедничкото вложување** во СЕЕ Линк ДОО Скопје во висина од **119.711 денари**.

- На име **нето загуба од курсни разлики** е остварен трошок од 8.874 денари.

Како резултат на повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2022 година оствари **Добивка пред оданочување** во износ од **12.705.641 денари**. Пресметан е **Данок на добивка** во износ од **1.178.197 денари** и **Добивката за деловната 2022 година** изнесува **11.527.444 денари**.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2022 година изнесува **189.803.300 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, орочени депозити во банки со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во парични инвестициски фондови) учествуваат со 38,2% што обезбедува финансиска стабилност на Берзата. Берзата има вложено 22,89 милиони денари во сопственички инструменти (има удел од 19,8% во сопственичката структура на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје), има вложено и 31,2 милиони денари во долгорочни државни обврзници. Влогот на Македонската берза во заедничкото друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје (основано заедно со берзите од Загреб и Софија во 2016 година) е во износ од 1.070.574 денари. Учеството на основните средства - материјални и нематеријални (52.877.376 денари) изнесува 27,9% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 9.298.455 денари или 4,9% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2022 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата што доспеваат за плаќање во јануари 2023 година и тоа за надомест за котација, побарувања за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2022 година и побарувања за дистрибуција на податоци на странски дата вендори.

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2022 година изнесува **189.803.300 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2022 година изнесуваат 5.187.298 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.651.875 денари и истите доспеваат за плаќање во јануари 2023 година, обврски за даноци, придонеси и други давачки 671.559 и останати тековни обврски и пасивни временски разграничувања во износ од 2.863.864 денари.

Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2022 година изнесуваат 184.616.002 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 36.631.766 денари, добивката за финансиската година во износ од 11.527.444 денари и задржаната добивка во износ од 32.959.032 денари.

**Одбор на директори**

**Скопје, Февруари 2023 година**

**Претседател**

**Тони Стојановски**

Македонска берза на хартии од вредност АД СКОПЈЕ

# ПРИЛОГ

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

на ден 31.12.2022 година

АКТИВА

во денари

| Назив | 2021 | 2022 | Индекс 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| 1. Парични средства и парични еквиваленти | 5.668.127 | 1.198.989 | 21 |
| 2. Кредити на и побарувања од банки | 50.000.000 | 50.000.000 | 100 |
| Депозити | 50.000.000 | 50.000.000 | 100 |
| 3. Должнички хартии од вредност | 31.240.191 | 31.222.161 | 100 |
| 4. Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 35.266.022 | 44.135.745 | 125 |
| 5. Заеднички вложувања | 1.190.285 | 1.070.574 | 90 |
| 6. Нематеријални средства | 1.245.016 | 1.362.924 | 109 |
| 7. Материјални средства | 54.244.297 | 51.514.452 | 95 |
| 8. Останати средства/побарувања | 8.606.978 | 8.860.570 | 103 |
| Останати побарувања | 8.606.978 | 8.860.570 | 103 |
| 9. Одложени приходи и однапред платени трошоци | 316.331 | 437.885 | 138 |
| ВКУПНА АКТИВА | 187.777.247 | 189.803.300 | 101 |

ПАСИВА

во денари

| Назив | 2021 | 2022 | Индекс 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| 1. Обврски | 6.312.689 | 5.187.298 | 82 |
| Останати обврски | 6.262.689 | 5.137.298 | 82 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 50.000 | 50.000 | 100 |
| 2. Капитал и резерви | 181.464.558 | 184.616.002 | 102 |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | 100 |
| Резерви | 35.647.941 | 36.631.766 | 103 |
| Добивка за финансиска година | 22.106.163 | 11.527.444 | 52 |
| Задржана добивка | 20.212.694 | 32.959.032 | 163 |
| ВКУПНА ПАСИВА | 187.777.247 | 189.803.300 | 101 |

## БИЛАНС НА УСПЕХ
## за периодот 01.01.-31.12.2022 година

во денари

| ПРИХОДИ | 01.01.-31.12.2021 | 01.01.-31.12.2022 | Индекс 2022/2021 | План 2022 | Индекс 2022/план |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Приходи од камати** | **1.624.191** | **1.393.191** | **86** | **1.420.000** | **98** |
| **2. Приходи од усогласување до објективна вредност на удели** | **398.322** | **437.512** | **110** | **130.000** | **337** |
| **3. Приходи од провизии и надоместоци** | **58.731.719** | **44.599.403** | **76** | **54.373.000** | **82** |
| Надомест за членство | 2.668.305 | 2.584.089 | 97 | 2.600.000 | 99 |
| Надомест од тргување | 43.083.264 | 29.089.232 | 68 | 39.000.000 | 75 |
| Приходи од котација | 8.410.000 | 8.290.374 | 99 | 8.185.000 | 101 |
| Приходи од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза согласно закон | 4.570.150 | 4.635.708 | | 4.588.000 | 101 |
| **4. Останати приходи од дејност** | **5.113.104** | **6.287.162** | **123** | **5.412.000** | **116** |
| **5. Удел во добивката на заедничко вложување** | **248.865** | **0** | - | - | - |
| **6. Остварена дивиденда во банки и др.фин.организ.** | - | **2.378.000** | - | - | - |
| **Вкупни приходи** | **66.116.201** | **55.095.268** | **83** | **61.335.000** | **90** |

| РАСХОДИ | 01.01.-31.12.2021 | 01.01.-31.12.2022 | Индекс 2022/2021 | План 2022 | Индекс 2022/план |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Расходи за провизии и надоместоци** | **10.660.587** | **8.355.368** | **78** | **9.900.000** | **84** |
| Провизии од банки | 88.876 | 327.475 | **368** | 100.000 | **327** |
| Берзанска провизија за КХВ | 10.571.711 | 8.027.893 | **76** | 9.800.000 | **82** |
| **2. Трошоци за вработени и останати користи за вработени** | **16.842.343** | **18.311.852** | **109** | **16.560.000** | **111** |
| **3. Амортизација** | **3.060.638** | **3.516.957** | **115** | **3.660.000** | **96** |
| **4. Исправка на вредност на побарувања** | **1.075.415** | **460.484** | **43** | **600.000** | **77** |
| **5. Останати расходи од дејност** | **9.712.732** | **11.616.408** | **120** | **11.212.000** | **104** |
| Материјални и слични трошоци | 1.186.981 | 1.491.306 | **126** | 1.425.000 | **105** |
| Трошоци за услуги | 4.969.891 | 5.372.702 | **108** | 5.817.000 | **92** |
| Одбор на директори | 1.945.575 | 2.032.867 | **104** | 1.400.000 | **145** |
| Трошоци за службени патувања | 36.895 | 255.933 | **694** | 250.000 | **102** |
| Трошоци за репрез., реклама и пропаганда | 715.681 | 1.765.300 | **247** | 1.400.000 | **126** |
| Осигурување | 731.611 | 585.874 | **80** | 765.000 | **77** |
| Други трошоци | 126.098 | 112.399 | **89** | 155.000 | **73** |
| **6. Удел во загубата на заедничко вложување** | **0** | **119.711** | - | - | - |
| **7. Нето загуба од курсни разлики** | **1.233** | **8.874** | **720** | **1.000** | **887** |
| **Вкупни расходи** | **41.352.948** | **42.389.627** | **103** | **41.933.000** | **101** |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **24.763.253** | **12.705.641** | **51** | **19.402.000** | **65** |
| **Данок на добивка** | **2.657.090** | **1.178.197** | **44** | | - |
| **Добивка за финансиската година** | **22.106.163** | **11.527.444** | **52** | | - |